За колективните објекти бројот на станови, како и содржината на приземјето дадени се во графичките прилози. При издавање на изводите од урбанистичкиот план обавезно треба да се назначи бројот на станови.

Член 28

Во склоп на габаритите на новите објекти се решава: гаражирање, засолниште и остави.

Член 29

За индивидуалните објекти, оградите на парцелите треба да се со висина до 1,2о м. и да бидат со лесни, транспарентни огради.

Член 30

За колективните објекти не се предвидува оградување на нивните парцели.Просторот околу нив треба да се уреди.Просторите за детска игра се предвидуваат од пошлунчана облога и да се снабдат со основни елементи за детска игра.Сите пешачки стази се предвидуваат да бидат поплочани, врз адекватни слоеви а оние пешачки површини кои што се предвидуваат и за противпожарно возило треба да се со појачана подлога.

Во склоп на слободниот простор околу колективните згради, за најпогодно место да се предвиди поплочан или бетониран простор за сместување на контејери (или канти) за оставање на смет. Зелените површини да се обработат врз база на хортикултурен проект.

Член 31

ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

За основно образование и непосредна детска заштита не се предвидува изградба на објекти во овој локалитет, а задоволувањето на потребите од тие содржини се предвидува во соседниот локалитет "Дуќанцик" каде што се земени во предвид овие капацитети.

Член 32

Во два станбени објекти кои се доградуваат се врши и реконструкција на приземјето и сутеренот и се пренаменува во содржини од јавен карактер.
Овие содржини се како пропратни содржини на становањето, со поширок значај за населбата. Тоа се содржини од: трговија, угостителство, услужни занаетчиски и сервисни дејности и др.

Член 33

Самостојниот објект со содржини од услужни дејности се дадени во ориентациони габарити меѓутоа треба да се запазат градежните линии и остојанија во однос на сообраќајниците или изградените објекти. Овој објект треба да биде од трајни материјали и со естетски квалитети.

Член 34

Сакралниот објект се зачувува, се оформува површината околу истиот.

Член 35

З А Ш Т И Т А

Бидејќи оваа населба граничи со магистрална сообраќајница према законски нормативи потребни се заштитни мерки, односно пропишани со закон заштитни појаси во кои не се дозволува изградба на станбени или други објекти. Тој простор се предвидува како зелена зона.

Член 36

При издавањето на изводи од урбанистичкиот план за секој објект треба да се дадат сите урбанистичко-архитектонски услови, дадени во деталниот урбанистички план како и во Одредбите.
За секој објект се обавезни дадените условија на локацијата од оваа населба.

Член 37

Деталниот урбанистички план содржи:
- извод од Основниот урбанистички план од 1985 год.
- техничко образложение со графички прилози,
- елаборат за ПП заштита,
- елаборати за заштита,
- одредби за реализација.

3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Со донесувањето на овој Детален урбанистички план престануваат да важат одредбите за предходниот план.

Член 39

Законот предвидува ревизија по исполнувањето пет години од донесувањето.

Член 40

Целата документација содржана со чл.2 влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на град Скопје".

Член 41

Секаква измена на целата документација содржински одредена во чл.39 се однесува на начин пропишан за донесување на целата урбанистичка документација.

Член 42

Одредбите за спроведување на ДУП важат само со комплетна урбанистичка документација содржана со чл.39 бидејќи по усвојувањето на планот во одредбите се внесуваат сите потребни содржајни елементи.

Извод од постоен ДУП:
ДУП “Централно зеленило покрај река Вардар-Парк 2”

(Одлука бр.07-387/24 од 27.02.2009)

М=1 : 1000

3.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.27-819/5 од 12.02.2019 год.
С к о п ј е

Сектор за урбанизам
- Одделение за градежништво

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 104/2019

ДУП: Централно зеленило покрај река Вардар - Парк 2

Одлука бр.: 07-387/24 **од** 27.02.2009

Намена на градба:

Улица:

К.О. Центар 1 **К.П**.

ДЛ: **М**: 1: 1000

Извод за цел плански опфат

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето на извод со:**
     - ☑ легенда
     - ☑ табела со нумерички показатели
   - ☑ **Заверена копија од други графички прилози со легенда:**
     - ☑ Сообраќаен план – план на подземно паркирање
     - ☑ Сообраќаен план – нивелациски план
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за спроведување на планот, заштита и културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, движење на хендикепирани лица и сл.
   - ☑ **Заверена копија од други услови**
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**
   - ☑ Текстуален дел
   - ☑ Графички приказ

Изготвил:
Злата Стефановиќ,арх.тех.

Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ
Саша Богдановиќ


Река Вардар
Општина Карпош
Општина Чаир
Општина Центар
КЕЈ
РЕКА ВАРДАР
ПЕШАЧКИ МОСТ
Булевар "Никола Карев"
ул. "Јон Кенеди"
ул. "Самоилова"
ул. "Пиринска"
ул. "Гоце Делчев"
ул. "Ѓорче Петров"
ул. "Ѓуро Ѓакович"
ул. "Ѓуро Ѓакович" (нова)
ул. "Ѓуро Ѓакович" (продолжение)
ул. "Ѓуро Ѓакович" (продолжение)
ул. "Ѓуро Ѓакович" (продолжение

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Изработката на планската документација ***ДУП за Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2,*** општина Центар - Скопје, кој е за период од 2008-2013 год., следи како резултат од анализата на постојната состојба, оценките од документационата основа, максимално почитување на поставките и насоките од ГУП на Град Скопје и максимално почитување на веќе создадените вредности.

Со донесувањето на ГУП на Град Скопје намената на предметниот простор е: угостителство и туризам, верски објекти, спортски центри, објекти и парковско заштитно зеленило.

1. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Изработката на ***ДУП Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2,*** општина Центар - Скопје, претставува организација на просторот во границите на планскиот опфат и негово усогласување со поставките и насоките дадени во ГУП на Град Скопје од 2002 - 2020 година.

При изготвување на овој ДУП, применувани се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 24/08 пречистен текст);
- Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ, бр. 78/06);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Истражувајки ги можните начини за урбана обнова на просторот, применети се следните принципи:

- максимално почитување на постојниот градежен фонд (без нарушување на основниот концепт на организација на просторот);
- парцелација т.е. оформување на нови градежни парцели;
- усогласување на веке изградените објекти со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање;
- почитување на намената на просторот поставена со ГУП за Град Скопје од 2002 - 2020 година;
- дефинирање на процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот;
- преиспитување на сообраќајот од аспект на поставките на ГУП за Град Скопје и сообраќајот во мирување (паркирање).

1.1. МЕСТОПОЛОЖБА И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ

Локалитетот ***Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2,*** се наоѓа во северниот дел од општина Центар, на левиот брег на реката Вардар на просторот помеѓу улиците бул. "Никола Карев", ул. "Самоилова" и ул. "Лазар Личеновски". Земјиштето е во градскиот градежен реон опфатен со ГУП на Град Скопје. Сообраќајно преку ул. "Самоилова", ул. "Лазар Личеновски" и бул. "Никола Карев" е поврзан со централното градско подрачје и со останатите делови на градот.

1.2. ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Границата на планскиот опфат за ***Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2,*** е следна:

- ***од север:*** границата ја следи осовината на бул. "Никола Карев";
- ***од исток:*** границата ја следи осовината на бул. "Џон Кенеди", ја следи осовината на ул. "Лазар Личеновски", продолжува на југ по новопланирана ул. "1" до регулираното корито на река Вардар;
- ***од југ:*** границата продолжува по осовина на регулираното корито на р. Вардар од исток кон запад до осовина на пешачки мост, се движи по осовина на пешачки мост кон север, продолжува по мајор на река Вардар односно по административна граница на општина "Центар и општина "Карпош";
- ***од запад:*** границата се движи кон север по административна граница на општина "Центар" и општина "Карпош" до осовина на бул. "Никола Карев".

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **19,79 ха.**

1.3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧА НА ПЛАНОТ

Главна цел на Деталниот урбанистички план претставува уредување на просторот во границите на планскиот опфат со дополнување на основните функции и неопходната инфраструктура.

Деталниот урбанистички план ќе ги дефинира и посебните цели кои се однесуваат на:

- дефинирање на градежна парцела за јавни функции;
- дефинирање на градежна парцела за спорт и рекреација;
- дефинирање на градежна парцела за парковско и заштитно зеленило;
- планирање на простор за градење и уредување кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на просторот;
- реконструкција на постојните сообраќајници и изведба на нови и нивно поврзување во сообраќајниот систем на градот и решавање на сообраќајот во мирување (паркирање);
- оптимално димензионирање на капацитетите на комуналната инфраструктура, и
- реалност за реализација на Планот.

Деталниот урбанистички план треба да биде планска документација која ќе овозможи реализација на истиот, а во склад со ГУП на Град Скопје.

Деталниот урбанистички план има за цел да постигне одреден степен на флексибилност, што значи да овозможи услови за реализација во согласност со намената, содржината и капацитетите кои ќе бидат дефинирани со соодветна програма (проектна, развојна) и соодветна документација (Урбанистички проект) зависно од интересот и потребите на корисниците на просторот.

Со изработката на Деталниот урбанистички план се даваат можности за градење - доградба, надградба и реконструкција на постојните објекти и градење на нереализирани градежни парцели, површина за градење дефинирана со градежни линии, мах.висина на венец (кота на венец), мах.број на катови, процент на изграденост и коефициент на искористеност во согласност со законските нормативи.

2. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ

Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 - 2020 г. ги зацртува основните поставки и насоки за изработка на Деталните урбанистички планови.

Според ГУП на Град Скопје, намената на просторот во границите на планскиот опфат планирани се јавни функции и зеленило, спорт и рекреација.

Јавни функции:

- објект од угостителство и туризам ---- **шифра 921**
- верски објекти ---------- **шифра 401**
- спортски центри, објекти ---------- **шифра 631**
- парковско заштитно зеленило ---------- **шифра 611, 612**

Зеленило:

"Површините наменети за зеленило, спорт и рекреација да не се пренаменуваат за други содржини....

Да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од зелените простори (парковско, блоковско, заштитно, линеарно и др. во една единствена интегрална целина)".

"Подигање на системи на линеарно зеленило со дрвореди и тревници по булеварите и улиците".

Со ГУП на Град Скопје дефинирани се и основите параметри на сообраќајниците: рангот и нивните профили.

3. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Предложениот плански концепт се темели на поставки и насоки дадени со ГУП на Град Скопје од 2002 год., поставката за рационално користење на скапото градежно земјиште и максимално почитување на веќе создадените вредности.

Предложената планска концепција овозможува услови за реално спроведување и реализирање на Деталниот урбанистички план, кое се базира на претходно анализирани фактори:

- запазување - спроведување на зацртани цели и програмски поставки;
- рационално и економично искористување на земјиштето;
- потребите на корисниците на просторот;
- почитување на намената на просторот поставена со поставките и насоките дадени во ГУП на Град Скопје од 2002 - 2020 година;
- почитување на постојната инфраструктура и нејзина доизградба.

При изработка на Деталниот урбанистички план со доследна законска регулатива се предлага такво решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на земјиштето.

Врз основа на овие карактеристики изработен е ***ДУП Централно зеленило покрај река Вардар - Парк 2*** - општина Центар - Скопје.

3.1. ПОДЕЛБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Целиот простор во границите на планскиот опфат ***Централно зеленило покрај река Вардар -Парк 2*** е организиран во 3 (три) урбани дела чии граници се определени според осовините на сообраќајната мрежа.

Секој урбан дел содржи број на градежни парцели а во нив е дефинирана површина за градење дефинирана со градежни линии, мах.висина на венец (кота на венец) и мах.број на катови.

Во графичкиот прилог - Синтезен план, урбаните делови и градежните парцели, односно објектите што во нив се градат се обележани (нумерирани) така што првиот број го означува урбаниот дел во кој се наоѓа градежната парцела, а вториот број ја означува градежната парцела. На пример: ознаката 2.3 значи: урбан дел 2 градежна парцела 3.

3.2. ПАРЦЕЛАЦИЈА И РЕГУЛАЦИЈА

Парцелацијата во рамките на планскиот опфат – урбаните делови е вршена со оформување на нови градежни парцели. Во секоја градежна парцела означена е површина за градење.

При планирање на содржините за јавна намена–комплекс на градби–можат да се планираат повеќе градби за градење во една градежна парцела кои се во зависност од содржината, намените и организацијата на просторот и истите по правило се уредуваат со Архитектонско урбанистички проект.

Освен графичкиот приказ на површината за градење, за секоја градба се дадени и соодветни податоци прикажани во табела и тоа:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (К);
- намена на земјиштето и градбите;
- мах. висина на венец (м');
- мах. број на катови;
- потребен број на паркинг места;

Услов за обезбедување потребен број паркинг места решен во рамките на градежните парцели (подземни) со стрикно почитување на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела како основен услов за изградба до мах. дозволена површина за градење, висина и катност.

3.3. НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Основната намена во границите на планскиот опфат е утврдена согласно со ГУП на Град Скопје од 2002 - 2020 год. и тоа: јавни функции (угостителство и туризам, верски објекти), спортски центри и објекти и парковско заштитно зеленило.

Планирани се следните класи на намена:

Б- КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б5 - хотелски комплекси

В- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В5 - верски институции

Г- ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ
Г5-КГ - катна гаража
Г5-ТС - трансформаторски станици

Д- ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зеленило
Д3 - спорт и рекреација

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б5- Хотелски комплекси (зафаќаат многу простор поради постоење на многу различни содржини од услужен карактер) со компатабилни класи на намени до 30 % од планираната површина за градење:

Б1 - Мали комерцијални и деловни намени (услужни и угостителски дејности)
Б2 - Големи трговски единици (трговски објекти)
Б3 - Големи угостителски единици (сите видови на угостителски дејности - ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки)
Б4 - Деловни простори (канцелариски простори)
Д1 - Парковско зеленило
Д2 - Заштитно зеленило
Д3 - Спорт и рекреација

Б5 - Хотелски комплекси ..... 4,31 ха

Во урбан дел 1 и во урбан дел 2 дефинирани се градежни парцели за **хотелски комплекси.** Површината за градење ограничена е со градежни линии и преставува површина во рамките на која се планираат повеќе градби-комплекс на градби кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно претходно дефинирана проектна програма.

Хотелски комплекси планирани се во следните градежни парцели:

Градежната парцела **1.9** е со вкупна површина од **7.317 м²** со површина за градење од **3.502м²**, вкупна површина по катови од **10.506 м²**,висина на венец до 11,00 м' и број на катови П+2.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по новопланирана ул. "2".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Градежната парцела **1.12** е со вкупна површина од **9.295 м²**, површина за градење од **4.199 м²**, вкупна површина по катови од **12.597 м²**, висина на венец од 11,00 м' и број на катови П+2.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по новопланирана ул. "2".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Градежната парцела **2.1** е со вкупна површина од **4.048 м²**, површина за градење од **1.487 м²**, вкупна површина по катови од **4.461 м²**, висина на венец од 11,00 м' и број на катови П+2.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по новопланирана ул. "2" и ул. "3".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Градежната парцела **2.2** е со вкупна површина од **8.721 м²** е со површина за градење од **3.615 м²**, вкупна површина по катови од **14.460 м²**, висина на венец од 14,50 м' и број на катови П+3.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по новопланирана ул. "2" и ул. "3".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Градежната парцела **2.3** е со вкупна површина од **13.688 м²** е со површина за градење од **4.745 м²**, вкупна површина по катови од **18.980 м²**, висина на венец оо 14,50 м' и број на катови П+3.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по новопланирана ул. "1".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В5 – Верски институции со компактибилни класи на намени до 30 % од планираната површина за градење:
А4 – Времено сместување
Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило

В5 - Верски институции - Митрополија на Македонија ..... 0,63 ха

Во урбан дел 1, градежна парцела **1.3** дефинирана е градежна парцела за верски институции "Митрополија на Македонија" со проширување на површината за градење и височината на објектите - како комплекс на градби: времено сместување, верски објект - православна црква "Св. Ѓорѓија", конак и други содржини во функција на верските објекти.

Вкупна површина на градежната парцела изнесува **6.263 м^2** со површина за градење од **2.828 м^2**, вкупна површина по катови од **5.656 м^2**, постојна катност од П до П+3 и планирана мах.катност П+2.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по ул. "Лазар Личеновски".

Паркирање на потребен број на паркинг места да се реши во рамките на градежната парцела и на пристапната улица каде се планирани паркинзи за потребите на Митрополијата.

Г - ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Г5 - КГ - Катна гаража ..... 1,30 ха

Во урбан дел 1, градежна парцела **1.6,** дефинирана е градежна парцела и се планира изградба на катна гаража со капацитет од **1.960** возила. Вкупна површина на градежната парцела изнесува **13.027 м^2** со површина за градење од **7.352 м^2**, вкупна површина по катови од **58.816 м^2.**

Конфигурацијата на теренот е во пад. Катната гаража од ул. "Лазар Личеновски" е со катност П и мах.висина на венец од 3,00 м, од ново планирана ул. "2" катноста е П+7 и мах.висина на венец од 27,00 м'.

Етажот на катната гаража со пристап од новопланирана ул. "2" која е на трасата на фекална канализација да се иземе од градба (со висина од две катни висини односно 6,00 м') за да се ослободи простор за интервенции на водовите од фекалната канализација. Коридорот на фекалната канализација да биде соодветно видливо означен.Во овој простор дозволено е парки- рање на возилата.

Г5 - ТС - Трансформаторски станици 10/04 kW

Во планскиот опфат постои 1 (една) трансформаторска станица 10/0,4 kV во градежна парцела **1.4** и се планира изградба на уште 6 (шест) трансформаторски станици 10/0,4 kV во градежните парцели **1.6, 1.9, 1.12, 2.1, 2.2** и **2.3** во склоп на новопланираните објекти наменети за хотелски комплекси и катна гаража кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА ..... 6,16 ха

- **Зеленило**

Зеленилото има функција на оплеменување и создавање на хармонична целина на просторот.

Во рамките на планскиот опфат застапени се следните зелени површини:

- ***Зеленило во парцелите наменети за јавни објекти;***
- ***Парковско зеленило;***
- ***Заштитно зеленило;***
- ***Зеленило во површина наменета за сообраќај.***

Во градежните парцели наменети за ***јавни објекти***, слободните површини околу истите соодветно партерно и хортикултурно да се уредат.

Озеленување на градежните парцели наменета за ***парковско и заштитно зеленило*** е предвидена со избор на вегетација според предходно изготвен проект за хортикултурно решение.

Површините наменети за зеленило во просторот наменет за ***сообраќај*** да се уредат со затревнети површини и насади од висока вегетација во склад со теренските и просторни можности, без да пречат на прегледноста на движење по сообраќајните површини.

Зеленилото што се планира да се засади во рамките на планскиот опфат има намена:

- за заштита на животна средина;
- за подобрување на микро-климатските услови, и
- за оплеменување на просторот.

Д1 - Парковско зеленило..... 3,48 ха

Во урбан дел 1, градежни парцели **1.1, 1.2, 1.4, 1.10** и **1.13** дефинирани се градежните парцели за парковско зеленило со вкупна површина од **34.829 м^2**.

Просторот наменет за парковско зеленило да се насади со затревнување и избор на ниско и високо зеленило и уреди со поплочување на пешачки патеки и поставување на урбана опрема од клупи за одмор, чешми, фонтани, канделабри и др.

Просторот да се уреди со изработка на Урбанистички проект за партерно уредување.

Д2 - Заштитно зеленило..... 1,08 ха

Во урбан дел 1, градежни парцели **1.5,1.7, 1.8** и **1.11** дефинирани се градежните парцели за заштитно зеленило со вкупна површина од **10.779 м^2**. Ова зеленило се планира покрај сообраќајниците бул. "Никола Карев" и ул. "Лазар Личеновски" и има улога на тампон зона.

Озеленувањето да се предвиди со избор на вегетација според претходно изготвен проект за хортикултурно решение.

- **Коридор на регулација на река Вардар..... 2,40 ха**

Заштитно зеленило постои во рамките на просторот наменет за коридот на реката Вардар. Просторот со оваа намена во урбан дел 3 зафаќа површина од **24.051 м^2** во што спаѓа и површината на регулираното корито на река Вардар, пешачки патеки и зеленило кои треба да се уредат.

Д3 - Спорт и рекреација ..... 1,60 ха

Спорт и рекреација со компатибилни класи на намена до 30 % од планираната површина за градење:

А4 – времено сместување
Б6 – простор за собири
Д1 – парковско зеленило

Во урбан дел 1, градежна парцела **1.14** дефинирана е градежната парцела за спорт и рекреација. Површината за градење е ограничена со градежни линии и преставува површина во рамките на која се планираат повеќе градби - комплекс на градби, кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Во градежната парцела се планира изградба на: спортско-рекреативна сала, придружни објекти во функција на спортот, отворените спортски терени и времено смесутвање.Видот на спортот ќе произлезе од потребите на идните корисници на просторот и ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно претходно дефинирана проектна програма.

Вкупна површина на градежната парцела изнесува **15.980 м^2** со вкупна површина за градење од **9.017 м^2**, вкупна површина по катови од **9.801 м^2**, висина на венец до 8,0 м', катност П.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува по ново планираната ул. "2".

Паркирање на потребен број на возила да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативе за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

3.4. СООБРАЌАЈ

Улична мржа

Планираната улична мрежа за ***Централно зеленило покрај р. Вардар–Парк 2*** е поставена врз основа на Генералниот урбанистички план на град Скопје и претходно изготвена планска документација ДУП за околните локалитети, постојната улична мрежа и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 19.79 ха од кои под сообраќај 4.99ха односно 25% од планскиот опфат.

Како основа на планираната улична мрежа во целост се преземени сообраќајните профили од ГУП на град Скопје за следниве сообраќајници со следната структура на сообраќаен профил:

Магистрални укици:

Булевар "Никола Карев"

- коловоз ----------	2 x 10.50	= 21,00 м'
- тротоари----------	1 x 4.00	= 4,00 м'
- велосипедски патеки---	1 x 2.50	= 2,50 м'
- разделно зеленило------	1 x 5.00	= 5.00 м'
- странично зеленило-----	1 x 5.00	= 5.00 м'
- банкина ----------	1 x 1.50	= 1.50 м'
	Вкупно:	39.00 м'

Собирни улици:

Булевар "Џон Кенеди"

- коловози ----------	2 x 7.00	= 14,00 м'
- тротоари----------	2 x 3.00	= 6,00 м'
- велосипедски патеки---	2 x 2.50	= 5.00 м'
	Вкупно:	25.00 м'

Улица "Лазар Личеновски", улица "Самоилова"

- коловози ----------	2 x 3.50	= 7,00 м'
- тротоари ----------	2 x 3.00	= 6,00 м'
- велосипедски патеки --	2 x 1.50	= 3,00 м'
	Вкупно:	16.00 м'

На ваква поставка на планираната улична мрежа се надоврзува планираната секундарна мрежа со следнава структура на сообраќаен профил:

Станбени улици

Улица "1"

- коловози ----------	2 x 7.00	= 14,00 м'
- тротоари ----------	2 x 1.50	= 3.00 м'
- разделно зеленило ------	1 x 2.00	= 2,00 м'
	Вкупно:	19.00 м'

Ул."2" (од Км 0+000.00 до Км 0+909.98)

- коловози ----------	2 x 3.50	= 7,00 м'
- тротоари ----------	1 x 1.50	= 1.50 м'
- тротоари ----------	1 x 2.50	= 2.50 м'
	Вкупно:	11.00 м'

Ул."2 " (од Км 0+909.98 до крај); Ул."3"

- коловози ----------	2 x 3.5	= 7,00 м'
- тротоари ----------	1 x 1.5	= 1.50 м'
	Вкупно:	10.00 м'

Сообраќајниот профил на ул. "2" од стационажа км 0 + 000.00 до стационажа км 0+909.98 изнесува 11.00 м' затоа што тротоарот од левата страна е широк 1.50 м додека тротоарот од десната страна е со ширина од 2.50 м.

Сообраќајниот профил од стационажа км 0+909.98 до крај изнесува 10.00 м' ширина на тротоарот од двете страни е со ширина од 1.50 м додека коловозот е со ширина 7.00 м

За влез во Митрополијата на Македонија потврдена е пристапна улица која е во функција со ширина на коловозот од 5.60 м. На истата улица планирани се паркинзи (нормално паркирање) за потребите на Митрополијата. Планираните паркинзи се со ширина од 3.00 м и должина од 5.00 и пристапна комуникација од 5.60 м

Внатрешните сообраќајни површини за динамичен и стационарен сообраќај (паркинзи за патнички автомобили) се предвидува да се реши во следна фаза на планирање Архитектонско - урбанистички проект а се според нормативите и стандардите дадени во Правилникот за стабдарди и нормативи за урбанистичко планирање член 57, 58 и 59 (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

Во локацијата **1.6** е предвидена катна гаража со капацитет од 1.960 возила.

Нивелационо решение

За планираната улична мрежа е изготвено нивелационото решение со кое се дефинирани висинските коти и координати на осовински точки како и надолжни наклони на нивелетите.

Нивелационото решение е изработено на база на ажурираната геодетска подлога која содржи хоризонтална и висинска претстава на теренот.

Максималниот подолжен наклон изнесува 1.38% додека минималниот надолжен наклон изнесува 0.3%. што е во склад со нормативите за планирање на ваков вид на сообраќајници.

3.5. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во зафатот опфатен со урбанистичката документација на ниво на ***ДУП за Централно зеленило покрај река Вардар - Парк 2***, општина центар - Скопје, се заснива на постојната хидротехничка инфраструктура и мислењето добиено од ЈП Водовод и канализација - Скопје по однос на можностите за решавање на проблематиката која е предмет на овој ДУП.

Билансни показатели

- Комерцијални и деловни намени (Б5 - хотелски комплекси)	4,31 ха
- Јавни институции (В5 - верски институции)	0,63 ха
- Инфраструктурни објекти (Г5 - КГ - катна маража Г5 - ТС - трансформаторски станици)	1,30 ха
- Зеленило и рекреација (Д1 - парковско зеленило Д2 - заштитно зеленило Д3 - спорт и рекреација)	6,16 ха
- Коридор на река Вардар.....	2,40 ха
- Сообраќај (улици, тротоари, пристапи, патеки и линеарно зеленило)	4,99 ха
Вкупно:	19,79 ха
Површина под објекти за градење	3,6745 м^2
Паркирање (гаражирање) во рамките на градежните парцели и на јавно паркирање	

Подетален опис на намената на земјиштето и градбите е презентирано во предлог планот преставен на подлога во М=1:1000 - легенда.

Водоснабдување

Само на основа на билансните показатели и намената на земјиштето и градбите не е возможно да се определат потребните количини на вода за водоснабдување на локалитетот кој е предмет на обработка на ниво на ДУП. Потребните количини на вода за водоснабдување на локалитетот и дефинирање на цевната мрежа ќе бидат определени со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Предложеното решение за водоснабдување на локалитетот прикажано на подлога во М=1:1000 преставува само едно согледување з аможно решение на проблемот.

Предложеното решение преставува циркулационен водоводен систем, кој е поврзан на постојната водоводна мрежа - ниска зона. Како минимален дијаметар за изведба на водоводната мрежа е усвоен цевковод со ∅ 100 мм.

Фекална канализација

За прифаќање на фекалните отпадни води од локалитетот предвидена е изведба на секундарна фекална канализација со профил на цевките ∅ 250 мм - усвоен како минимален дијаметар според правилникот на ЈП Водовод и канализација - Скопје, која ќе биде приклучена на фекалниот колектор ∅ 1000 мм чија изведба е во фаза на реализација.

Количините на отпадните фекални води ќе бидат определени со изработка на Архитектонско урбанистички проек.т

Атмосферска канализација

За прифаќање на атмосферските води од локалитетот кој е предмет на обработка во границите на опфатот се предвидува изведба на атмосферска каналска мрежа.

Цевната мрежа е димензионирана према очекуваниот проток, при тоа земајќи како интензитет на врнежите по обем q = 110 л/сек/ха, соодветна припадна површина на канал, расположивите падови превземени од нивелационото решение и коефициент на оттекување (треба да се напомене дека коефициентот на оттекување зависи од многу фактори, меѓу кој се нагибот на теренот, структурата на површината која се одводнува, можноста на упивање на тлото и др. Претпочитаме истиот да биде дефиниран со изработка на Архитектонско урбанистички проект во кој ќе биде дефинирано и партерното решение со сите содржини).

При определувањето на количината на атмосферските води поодделно за секој канал користена е припадната површина и претпоставени параметри кои го дефинираат отчниот коефициент, при тоа користејќи податоци превземени од постојната литература како следи.

- сите видови на покриви ..... $\psi = 0,85 - 0,95$
- плочник со залиени спојници, асфалтни и бетонски површини ..... $\psi = 0,85 - 0,90$
- стази од плочи или шљунак..... $\psi = 0,60-$
- непоплочани улици, дворови или шеталишта..... $\psi = 0,50$
- игралишта..... $\psi = 0,25$
- паркови и градини..... $\psi = 0,05 - 0,25$

За изведба на атмосферска канализација како минимален профил на цевките е усвоен цевковод со профил ∅ 300 мм, према правилникот од ЈП Водовод и канализација - Скопје.

Напомена:

Предложеното техничко решение за водоснабдување и одводнување на фекалните и атмосферските води дадено во овој елаборат, со оглед на погоре изнесеното преставува само согледување во рамките на ДУП за едно од можните решенија за решавање на проблемот и е преставено на Ситуација во М=1:1000,

3.6. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

На основа добиените параметри од изготвувачите на ***ДУП Централно зеленило покрај река Вардар - Парк 2***, општина "Центар" - Скопје со површина на опфат од **19,79 ха**, пристапено е кон анализа на потребни едновремени снаги за содржините опфатени со ДУП.

Основни содржини во локалитетот се:

- комерцијални и деловни намени-хотелски комплекси;
- јавни институции-верски објекти;
- инфраструктурни објекти (катна гаража и трафостаници);
- зеленило и рекреација.

Анализа на потребни едновремени снаги:

Во урбан дел 1:

- катна гаража ----------	58.816 m^2 x 0,01 kW/m^2	= 588,1 kW
- хотелски комплекс ---------	23.103 m^2 x 0,08 kW/m^2	= 1848 kW
- парковско зеленило ----------		= 30 kW
- спорт и рекреација ----------		= 140 kW
- сообраќајни површини ----------		= 28 kW
	Вкупно:	2634 kW

Во урбан дел 2:

- хотелски комплекс ---------	37.901 m^2 x 0,08 kW/m^2	= 3032 kW
- сообраќајни површини ----------		= 24 kW
	Вкупно:	3056 kW

Во урбан дел 3:

- коридор на река Вардар ----------		= 85 kW
- сообраќајни површини ----------		= 18 kW
	Вкупно:	103 kW

Вкупна едновремена снага за трите урбани дела:

ΣРед. = Ред.у.д1. + Ред.у,д2. + Ред.у,д3.
ΣРед = 2634 + 3032 + 103 = 5769 kW

Потребен број на трансформаторски станици:

$$N = \frac{\Sigma Ped.}{nxSn} = \frac{5769}{1000x0,75} = 7,69 \text{ трафостаници}$$

Во локалитетот планирани се 6 (шест) нови трансформаторски станици и една постојна лоцирана во зеленият појас непосредно до Митрополијата на Македонија во урбан дел 1.

Шесте нови локации за трафостаниците дадени се како макро локација и истите ќе егзистираат како енерго блокови, а точната конфигурација и локација ќе се одреди во втора фаза од проектирање односно со урбанистички проекти.

Развојот на ***среднонапонската*** мрежа ќе се изготви до страна на овластена организаиција а во соработак со стручната служба на ЕВН-ЕСМ.

Во периодот на изготвување на ДУП пости воздушен 10 кВ далновод, истиот со новото решение се дислоцира.

Нисконапонскиот развод до сите потрошувачи се планира да се изведе со кабловски врски од припадна трафостаница водени во земјени ровови и делумно во самите објекти по технички катови а во согласност со основните проекти за објектите.

Осветлението на сообраќајни површини и отворени терени за спорт и рекреација и уреднео зеленило ќе се решава со урбанистички проекти засебно за сите содржини а во склад со позитивните законски одредби.

Напојувањето на расветните тела ќе се врши од поле за улично осветление сместено во слободностоечки разводни ормани или од главни талби на објектите.

3.7. ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Развојот на телефонската мрежа со пратечки содржини ќе се реши со примарни подземни оптички или армирани телефонски каблови и пратечки распределителни ормани. Бројот на претплатничките телефонски линии ќе биде дефиниран од страна на АД "МТ" и корисниците односно идните инвеститори на планираните содржини.

3.8. ТОПЛОВОДНА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

Во периодот на изготвување на ДУП во локалитетот не постои топловодна мрежа со пратечки содржини.

Во планскиот период да се планира изградба на топловодна мрежа и објекти од овластена организација или стручната служба на АД "Топлификација" - Скопје имајки во предвид и намената на објектите опфатени со ДУП.

3.9. ГАСОВОДНА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

Во границите на опфатот планирана е изградба на гасоводна мрежа со пратечки содржини. Гасоводот се планира да се изведе со цефковод ∅ 426 мм под низок притисок. За гасоводот прифатена е трасата и заштитниот коридор и вцртани се во графичкиот прилог. Развојот на гасоводната мрежа во локалитетот е можна доколку идните корисници се заинтересирани за користење на истиот.

Во втора фаза од планирање односно со урбанистички проекти ќе бидат дефинирани трасите на гасоводната мрежа со пратечки објекти.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1. Мерки и средства за заштита и санација на животната средина

Просторот што го опфаќа планот е со површина од 19,79 ха и се планира изградба на објекти:јавни функции, зеленило и рекреација.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од процесот на производство. Имајќи ја оваа состојба предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита;
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита;
- изводи на бучава и мерки за заштита.

4.2. Аерозагадување и мерки за заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата. При проектирање и реализација на објектите потребно е да се применат современи технологии за производство кои го заштитуваат воздухот од загадување.

Објектот од аспект на еколошка заштита не смее да ја наруши постојната еколошка рамнотежа и истиот е потребно да биде изведен согласно сите стандарди и нормативи за ваков вид.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на просторот по обемот на градежните парцели да се предвидат зелени површини.

Согласно "Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина" (Сл.весник на РМ, бр. 74/05), потребно е да се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина.

4.3. Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со оглед дека сите објекти се приклучуваат на канализационен систем загадувањето на почвата е во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Отпадоците од процесот на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер и повторно да се преработуваат. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.

Со прочистувањето на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода.

4.4. Извори на бучава и мерки за заштита

Содржините кои се предвидени со планот кои би можеле да бидат извори на штетна бучава потребно е да бидат усогласени со "Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава" (Сл.весник на РМ, бр. 64/93) според која максимално дозволено ниво за простории во објекти од производен, стоваришен, сервисен карактер без станбени згради потребно е да изнесува:

- дење до 70 db;
- ноќе до 70 db;
- Л10 (ниво на бучава кое е достигнато во траење од 10% од времето на мерење (густи шпицеви) 80 db;
- Л5 (ниво на бучава кое е достигнато во траење од 5 % во времето на мерење (ретки шпицеви) 90 db.

4.5. Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример посетители, гледачи, купувачи и други. Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар.Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита на пожар.

Наведената хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува до хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа во градежните парцели да се предвиди прстенаст систем на цевководи, со минимален пречник ∅ 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ∅ 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку ∅ 80 мм. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 bara.

На блиско растојание постои противпожарна станица.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ,бр.36/04) член 78, инвеститорот во инвестиционо-техничката документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен Проект за заштита од пожари и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари.

Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари дава Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на Проектот за заштита од пожар.

Одредбата од овој член ги опфаќа инвестиционите објекти, освен станбените објекти со последно пристапно ниво во висина од 15 м сметано од котата на терени и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 50 лица.

За одредбата на кои не се однесува одредбата од овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

4.6. Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од VIII степени MSZ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ,бр.36/04) член 93, заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизооти, епифитотии и други несреќи се формираат единици и штабови за заштита и спасување.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизооти, епифитотии и други несреќи се употребуваат од страна на општината во која се настанати природните непогоди и други несреќи.

Во услови кога општините не можат да ги отстранат последиците од природните непогоди, по барање на градоначалникот на општината во која тие се настанати, со Одлука на директорот на Дирекцијата се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

5. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање за реализација на Деталниот урбанистички план ***Централно зеленило покрај река Вардар - Парк 2,*** општина "Центар" - Скопје, ги опфаќа сите трошоци за изработка на документацијата (изработка на ДУП, изработка на Идејни и Главни проекти за инфраструктура, уредување на градежното земјиштето, инфраструктурните системи и партерното уредување).

Економската образложение произлегува од реланата состојба на теренот, планските одредби од ГУП на Град Скопје и Деталниот урбанистички план.

Планската документација во рамките на планскиот опфат на овој ДУП предвидува:

- изградба на нови објекти и проширување на постојни објекти од областа на јавните функции со вкупна површина од **125.476 м^2;**
- изградба на објекти наменети за спорт и рекреација со вкупна површина од **9.919м^2**.
- уредување на земјиште наменето за зеленило и рекреација со вкупна површина од **45.608 м^2;**
- уредување на земјиштето наменето за општа употреба, сообраќајни површини: улици, пристапни и пешачки улици, патеки и јавни паркиралишта со вкупна површина од **49.865 м^2**;
- доизградба на примарната и секундарната мрежа и објекти од инфраструктурните системи (водовод, фекална канализација, атмосферска канализација, нисконапонска електрична мрежа, топловодна и гасоводна мрежа).

Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината.

Реализацијата на овој ДУП ќе биде во согласност со Прогрмата и програмските активности, финансиските можности и потребите на општина "Центар" како и интересот на потенцијалните инвеститори.

6. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистички план, односно за изготвување на извод од урбанистички план и решение за локациски услови.

6.1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Деталниот урбанистички план.

6.2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.

6.3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан дел и градежна парцела поединечно.

6.4. Планскиот опфат е дефиниран со 3 (три) урбани делови чии граници се определени според осовините на сообраќајната мрежа.

6.5. Изградбата на нови објекти, дооформување на постојните објекти (доградби, надградби, реконструкции и адаптација), како и изградбата на сообраќајниците и комуналната инфраструктура ќе се изведува согласно важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во градежништвото и урбанизмот и истите се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.78/06 и 140/07).

6.6. Доклу при изработка на проектната документација или изведба на објектот се наиде на материјални добра кои се остатоци од културно историски вредности, потребно е да се известат надлежните институции за заштита на културното наследство и во согласност со кои ќе биде дефинирана понатамошната постапка и согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ, бр. 20/04).

6.7. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите градежни парцели групирани по урбани делови и дефинирани со:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност (К);
- намена на земјиштето и градбите;
- мах. висина на градбата (м');
- мах. број на катови;
- потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

6.8. Паркирање-гаражирање на моторни возила се планира во рамките на градежните парцели.

6.9. Со планот се одредени следните услови:

- облик и големина на градежна парцела ($м^2$);
- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
- површина за градба во која може да се развие основата на објектот ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност (к);
- намена на објектот;
- мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
- на венец (м');
- мах.број на катови;
- врста на кров;
- насоки за архитектонско обликување;
- паркирање-гаражирање на возилата.

6.10. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.

6.11. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максимална височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

6.12. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.

6.13. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Максималниот агол на кровната конструкција во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид изнесува 35^0 но не повеќе од 4,5 м висина на слеме.

6.14. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина (кота на венец на објектот). Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висина на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

6.15. Условите за изградба на објектите треба да содржат и посебнии услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнување на отпадните води.

6.16. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

6.17. При оформирање на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животна средина, оформување на зеленило при уредување на дворните места на јавните објекти, долж сообраќајниците и во просторот предвиден за парковско зеленило. Објектите кои се планирани на предметниот простор не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината, не смеа да предизвикаат загадување на воздухот, водата и почвата, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање.

6.18. Опремувањето на локалитетот опфатен со овој план со елементи од урбана опрема треба да се решава со урбанистички проекти за партерно уредување во кој ќе се опфатат осветлувањето, простори за одмор, поставување на урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци, реклами и сл.

6.19. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

6.20. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

6.21. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

6.22. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставув солидна основа за издавање на Решение за локациски услови за градба.

При примена на планските решенија на Деталниот урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

***Посебните услови** за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат за секој урбан дел и секоја градежна парцела поединечно.*

Урбан дел 1

Намена на земјиштето: **Б** – комерцијални и деловни намени, **В** – јавни институции, **Г** – инфраструктурни објекти и **Д** – зеленило и рекреација

Б5 – Хотелски комплекси со компатибилни класи на намена до 30 %.

- **Б1** - мали комерцијални и деловни намени
- **Б2** - големи трговски единици
- **Б3** - големи угостителски единици
- **Д1** - парковско зеленило
- **Д2** - заштитно зеленило
- **Д3** - спорт и рекреација

В5 – Верски институции со компатибилни класи на намена до 30 %.

- **А4** - времено сместување
- **Д1** - парковско зеленило
- **Д2** - заштитно зеленило

Г5 – КГ– Инфраструктурен објект – катна гаража
Г5 – ТС – Инфраструктурен објект – трансформаторска станица

Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зеленило
Д3 - спорт и рекреација со компатибилни класи на намена до 30%.

- **А4** - времено сместување
- **Б6** - простор за собири
- **Д1** - парковско зеленило

Парцелација: Оформување на нови градежни парцели.

Паркирање: Потребниот број на паркинг места да се реши во рамките на градежната парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ,бр.78/06 и 140/07).

Зеленило: Зеленилото се предвидува во склоп на градежните парцели со максимална можна застапеност.

Планиран развој: Се планира нови градежни зафати во рамките на просторите за градење.

На следните градежни парцели е планирано:

1.1; 1.2; 1.4; 1.10; 1.13 – парковско зеленило.

Просторот наменет за парковско зеленило, хортикултурно да се уреди со затревнување и засади со ниско и високо зеленило, поплочување на пешачки патеки и поставување на урбана опрема од клупи за одмор, чешма, фонтана, канделабри и др. преку изработка на Урбанистички проект за партерно уредување.

1.5; 1.7; 1.8; 1.11 – заштитно зеленило.

Просторот наменет за заштитно зеленило, хортикултурно да се уреди со затревнување и засади со ниско и високо зеленило.

1.3 – Верски институции

Се планира проширување на површината за градење и височината на објектите како комплекс на градби: времено сместување, верски објект – православна црква "Св. Ѓорѓија", како и изградба на нови содржини во функција на верските објекти со потврудвање на постојните објекти. Разработка на апроксимативната површина треба да се реши со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно предходно дефинирана проектна програма.

Градежната парцела сообраќајно ќе се опслужува по ул. "Лазар Личеновски".

1.6 – Катна гаража

Се планира изградба на катна гаража со 8 (осум) нивоа со пристап од ул. "Лазар Личеновски". Висината на катната гаража се одредува од ул. "Лазар Личеновски" со катност П и висина на венец од 3,00 м', планирано во однос на нивелетата на ул. "Лазар Личеновски" на планираната долж површина за градба во средишната точка на површината за градење. Катното паркирање ќе се реши во 8 нивоа под нивото на приземје, односно пристапот од ново планирана ул. "2" катноста е П+7 и висина на венец од 27,00 м'.

Етажот на катната гаража со пристап од новопланирана ул. "2" која е на трасата на фекалната канализација да се иземе од градба (со висина од две катни висини односно 6,00 м') за да се ослободи простор за интервенции на водовите од фекалната канализација. Коридорот на фекалната канализација да биде соодветно видливо означен. Во овој простор дозволено е паркирање на возилата.

Разработка на површината за градба ќе се реши со Архитектонско урбанистички проект при што треба да се води сметка за конфигурацијата на теренот (голем наклон) согласно член 58 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78.06 и 140/07).

Во склоп на површината за градење планирана е нова трансформаторска станица 10/0,4 kW која ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

1.9; 1.12 – Хотелски комплекси

Се планира изградба на хотелски комплекси – комплекс на градби составени од повеќе површини за градење кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно предходно дефинирана проектна програма. Во склоп на површината за градење се планира изградба на нови трансформаторски станици10/0,4 kW кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Градежните парцели сообраќајно се опслужуваат од новопланираната ул. "2". Влезот и излезот ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно законската регулатива.

Паркирање – гаражирање на возилата да се реши во рамките на градежните парцели во подземното ниво.

1.14 – Спорт и рекреација

Се планира изградба на комплекс на градби составени од повеќе површини за градење кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Во градежната парцела се планира изградба на: спортско-рекреативна сала, придружни објекти во функција на спортот, отворени спортски терени и времено сместување. Видот на спортот ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно предходно дефинирана проектна програма.

Градежната парцела сообраќајно се опслужува од ново планирана ул. "2". Паркирање на возилата да се реши во рамките на градежната парцела.

На трасата на инфраструктурниот коридор прикажан во графичкиот прилог – Синтезен план фекална канализација и гасовод не е дозволена градба.

Централно зеленило покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"- Скопје урбан дел 1 П=13.59 ха

број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
1.1	20126					**Д1** - парк. зеленило			
1.2	8200					**Д1** - парк. зеленило			
1.3	6263	2828	45	5656	0,90	**Б5**-верски институции	постојни	П+2	арх. урб. проект
1.4	4749					**Д1** - парк. зеленило,**Г5-Тс**			
1.5	994					**Д2** -зашт. зеленило			
1.6	13027	7352	56	58816	4,51	**Г5-КГ** - катна гаража		П	1960
1.7	1347					**Д2** -зашт. зеленило			
1.8	7168					**Д2** -зашт. зеленило			
1.9	7317	3502	48	10506	1,44	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
1.10	937					**Д1** - парк. зеленило			
1.11	1270					**Д2** -зашт. зеленило			
1.12	9295	4199	45	12597	1,36	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
1.13	817					**Д1** - парк. зеленило			
1.14	15980	9017	56	9919	0,62	**Д3**-спорт и рекреација	8,00	П	арх. урб. проект
ВК.	**97490**	**26898**	**28**	**97494**	**1,00**				
	38454					**сообраќајни површини**			
ВК.	**135944**	**26898**	**20**	**97494**	**0,72**				**арх. урб. проект**

Урбан дел 2

Намена на земјиштето: **Б** – комерцијални и деловни намени

Б5 – Хотелски комплекси со компатибилни класи на намена до 30 %

Б1 – мали комерцијални и деловни намени
Б2 – големи трговски единици
Б3 – големи угостителски единици
Д1 – парковско зеленило
Д2 – заштитно зеленило
Д3 – спорт и рекреација
Г5-ТС – инфраструктурен објект – трансформаторска станица 10/0,4 kW

Парцелација: Оформување на нови градежни парцели.

Паркирање: Потребниот број на паркинг места да се обезбеди во рамките на секоја градежна парцела по норматив согласно член 57, 58, 59 според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ,бр.78/06 и 140/07).

Зеленило: Зеленилото се предвидува во склоп на градежните парцели со максимална можна застапеност.

Планиран развој: Се планира нови градежни зафати.

2.1; 2.2; 2.3 – Хотелски комплекси

Се планира изградба на хотелски комплекси – комплекс на градби составени од повеќе површини за градење кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно претходно дефинирана проектна програма. Во склоп на површината за градење се планира и изградба на нови трансформаторски станици 10/0,4 kW кои ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Градежните парцели сообраќајно се опслужува од ново планирана ул. "2" и "3". Влезот и излезот ќе се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно законската регулатива.

Паркирање – гаражирање на возилата да се реши во рамките на градежните парцели во подземното ниво.

Централно зеленило покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"´- Скопје урбан дел 2 П=3.35 ха

број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
2.1	4048	1487	37	4461	1,10	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
2.2	8721	3615	41	14460	1,66	**Б5**-хотелски комплекс	14,50	П+3	арх. урб. проект
2.3	13688	4745	35	18980	1,39	**Б5**-хотелски комплекс	14,50	П+3	арх. урб. проект
ВК.	**26457**	**9847**	37	**37901**	1,43				
	7010					**сообраќајни површини**			
ВК.	**33467**	**9847**	**29**	**37901**	**1,13**				**арх. урб. проект**

Урбан дел 3

Намена на земјиштето: КР – коридор на река Вардар

3.1. – Се задржува постојната намена на просторот (површина на регулирано корито на река Вардар, пешачки патеки и зеленило) и се планира соодветно уредување и тековно одржување.

Централно зеленило крај река Вардар -"ПАРК 2" опш." Центар"´- Скопје урбан дел 3 П=2.63 ха									
број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
3.1	24051					**КР**-коридор на р.Вардар			
ВК.	**24051**								
	2201					**сообраќајни површини**			
ВК.	**26252**								

Б. Нумерички дел:

Планска документација 2008–2013.

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

1.1. Нумерички показатели по урбани делови и парцели
1.2. Преглед на површини по урбани делови (намена на земјиште)
1.3. Билансни показатели
1.4. Споредбени билансни показатели

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Нумеричките показатели дадени се табеларно поединечно за секоја градежна парцела.

Во табелите дадени се: број на градежна парцела, површина на градежна парцела, површина за градење, процент на изграденост, вкупна површина по катови, коефициент на искористеност, намена на земјиштето и градбите, мах.висина на венец, мах.број на катови, потребен број на паркинзи.

Вредностите на нумеричките показатели се во рамките на законските нормативи, Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 24/08), како и Правилникот за стандарди и нормтиви за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 78/06 и 140/07).

1.1 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УРБАНИ ДЕЛОВИ И ПАРЦЕЛИ

Централно зеленило покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"- Скопје
урбан дел 1 П=13.59 ха

број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
1.1	20126					**Д1** - парк. зеленило			
1.2	8200					**Д1** - парк. зеленило			
1.3	6263	2828	45	5656	0,90	**В5**-верски институции	постојни	П+2	арх. урб. проект
1.4	4749					**Д1** - парк. зеленило,**Г5-Тс**			
1.5	994					**Д2** -зашт. зеленило			
1.6	13027	7352	56	58816	4,51	**Г5-КГ** - катна гаража		П	1960
1.7	1347					**Д2** -зашт. зеленило			
1.8	7168					**Д2** -зашт. зеленило			
1.9	7317	3502	48	10506	1,44	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
1.10	937					**Д1** - парк. зеленило			
1.11	1270					**Д2** -зашт. зеленило			
1.12	9295	4199	45	12597	1,36	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
1.13	817					**Д1** - парк. зеленило			
1.14	15980	9017	56	9919	0,62	**Д3**-спорт и рекреација	8,00	П	арх. урб. проект
ВК.	**97490**	**26898**	**28**	**97494**	**1,00**				
	38454					**сообраќајни површини**			
ВК.	**135944**	**26898**	**20**	**97494**	**0,72**				**арх. урб. проект**

Централно зеленило покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"´- Скопје
урбан дел 2 П=3.35 ха

број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
2.1	4048	1487	37	4461	1,10	**Б5**-хотелски комплекс	11,00	П+2	арх. урб. проект
2.2	8721	3615	41	14460	1,66	**Б5**-хотелски комплекс	14,50	П+3	арх. урб. проект
2.3	13688	4745	35	18980	1,39	**Б5**-хотелски комплекс	14,50	П+3	арх. урб. проект
ВК.	**26457**	**9847**	37	**37901**	1,43				
	7010					**сообраќајни површини**			
ВК.	**33467**	**9847**	**29**	**37901**	**1,13**				**арх. урб. проект**

Централно зеленило крај река Вардар -"ПАРК 2" опш." Центар"´- Скопје
урбан дел 3 П=2.63 ха

број на парцела	површина на парцела	површина за градба	процент на изград.	вкупна површина по катови	коеф. на искорис.	намена на земјиштето и градбите	мах. висина на венец	мах. број на катови	потребен број на паркинзи
	М2	**М2**	**%**	**М2**	**К**		**М´**		
3.1	24051					**КР**-коридор на р.Вардар			
ВК.	**24051**								
	2201					**сообраќајни површини**			
ВК.	**26252**								

1.2 ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ПО УРБАНИ ДЕЛОВИ

Централно зеленило покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"- Скопје													
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2008-2013													
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО													
УРБАН ДЕЛ	површина на урбан дел	комер.и деловни дејности	јавни ин - ституции	инфрастр објекти	парк. зеленило	зашт. зеленило	спорт и рекре - ација	коридор на река Вардар	сообра - ќајни површ.	површина под објект	процент на изграден.	вкупна површина по катови	коефиц. на искорист.
		(Б5)	(;В5)	(Г5)	(Д1)	(Д2)	(Д3)	(КР)					
	м2	м2	м2	м2	м2	м2	м2	м2	м2	м2	%	м2	К
ДЕЛ 1	135944	16612	6263	13027	34829	10779	15980		38454	26898	20	97494	0,72
ДЕЛ 2	33467	26457							7010	9847	29	37901	1,13
ДЕЛ 3	26252							24051	2201				
	2200								2200				
Вкупно	**197863**	**43069**	**6263**	**13027**	**34829**	**10779**	**15980**	**24051**	**49865**	**36745**	**19**	**135395**	**0,68**

1.3 ЈАВНИ ФУНКЦИИ

Централно зеленило парк покрај река Вардар - "ПАРК 2" опш." Центар"- Скопје										
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2008-2013										
ЈАВНИ ФУНКЦИИ										
УРБАН ДЕЛ	површина за јавни функции	комер.и деловни дејности	јавни ин - ституции	инфрастр објекти	спорт и рекре - ација	површина под објект	процент на изграден.	вкупна површина по катови	коефиц. на искорист.	намена на земјиштето
		(Б5)	(;В5)	(Г5)	(Д3)					
	м2	м2	м2	м2	м2	м2	%	м2	К	
ДЕЛ 1	62359	16612	6263	13027	15980	26898	43	97494	1,56	Б5;В5;Г5;Д3
ДЕЛ 2	26457	26457				9847	37	37901	1,43	Б5;
ДЕЛ 3										
Вкупно	**88816**	**43069**	**6263**	**13027**	**15980**	**36745**	**41**	**135395**	**1,52**	

1.4 БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Централно зеленило покрај река Вардар -"ПАРК 2 " општина " Центар " Скопје

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2008-2013

ред. број	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	ха	процент
1	**Комерцијални и деловни намени** -Б5 Хотелски комплекси	4,31	22%
2	**Јавни институции** -В5 Верски институции	0,63	3%
3	**Инфраструктурни објекти** -Г5-КГ катна гаража -Г5-ТС трансформаторски станици	1,30	7%
4	**Зеленило и рекреација** -Д1-парковско зеленило -Д2-заштитно зеленило -Д3-спорт и рекреација	6,16	31%
5	**Коридор на река Вардар**	2,40	12%
6	**Сообраќај** - улици, тротоари, пристапи, патеки и линеарно зеленило	4,99	25%
	Вкупна површина на плански опфат	19,79	100%

- **Површина под објекти / за градење** **36745 м2**
- **Вкупна површина по катови** **135395 м2**
- **Процент на изграденост на земјиштето** **19%**
- **Коефициент на искористеност на земјиштето** **К=0,68**
- **Паркирање-гаражирање во рамките на градежните парцели и на јавно паркиралиште**

НАПОМЕНА :

Потребата од паркинг простор ќе се определи со изработка на архитектонско - урбанистички проект,согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр.78/06 и 140/07)

1.5 СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Централно зеленило покрај река Вардар -"ПАРК 2 " општина " Центар " Скопје

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА : 2008- 2013 година

реден број	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО	Документа-циона основа, 2008 год. (ха)	Планска до-куентација: 2008 - 2013 г. (ха)
1	Домување	0,08	/
2	Комерцијални и деловни намени	/	4,31
3	Јавни институции	4,35	0,63
4	Инфраструктурни објекти	4,79	1,30
5	Зеленило	1,33	/
6	Зеленило и рекреација	/	6,16
7	Неизградено земјиште	5,50	/
8	Коридор на река Вардар	2,21	2,40
9	Сообраќај	1,96	4,99
	Вкупна површина на плански опфат	20,22	19,79

- Површина под објекти / за градење	1183 м2	36745 м2
- Вкупна површина по катови	2432 м2	135395 м2
- Процент на изграденост на земјиштето	1%	19%
- Коефициент на искористеност на земјиштето	K=0,01	K=0,68

АД „ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕЊЕРИНГ-ЗУМ" - СКОПЈЕ * АД „ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕЊЕРИНГ-ЗУМ" - СКОПЈЕ

Извод од постоен ДУП:
ДУП дел од “Тетовска Трошарина”

(Одлука бр. 07-1349/1 од 29.07.2004)

M=1 : 1000

4.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.27-819/8 од 12.02.2019 год.
С к о п ј е

Сектор за урбанизам
- Одделение за градежништво

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 107/2019

ДУП: дел од „Тетовска Трошарина"

Одлука бр.: 07-1349/1 **од** 29.07.2004

Намена на градба:

Улица:

К.О Центар 1 **К.П.**
ДЛ: **М**: 1: 1000

Извод за цел плански опфат

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето на извод со:**
     - ☑ легенда
     - ☒ табела со нумерички показатели
   - ☑ **Заверена копија од други графички прилози со легенда:**
     - ☒ Сообраќаен план – план на подземно паркирање
     - ☑ Сообраќаен план – нивелациски план
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за спроведување на планот, заштита и културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, движење на хендикепирани лица и сл.
   - ☒ **Заверена копија од други услови**
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**
   - ☑ Текстуален дел
   - ☑ Графички приказ

Изготвил:
Злата Стефановиќ,арх.тех.

Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ
Саша Богдановиќ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ДЕЛ ОД "ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА"
ОПШТИНА ЦЕНТАР 2004-2009
ПЛАНИРАН РАЗВОЈ Р= 1 : 1000



Одлука број 07-13/04 од 29.07.2004 год.
Службен Гласник на Град Скопје бр. 9/2004
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ,

ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА ОПФАТ
1 ОЗНАКА НА УРБАН МОДУЛ
139 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Л.П ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
ЛИНИЈА НА ФАЗНА ГРАДБА
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ
КОЛОВОЗ
ТРОТОАР
ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
ПЕШАЧКА ПАТЕКА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ
ДЛУ ДРЖАВНА И ЛОКАЛНА УПРАВА
ДКП ДИПЛОМАТСКИ ПРЕДСТАВНИШТВА
ФГР ФРАНЦУСКИ ВОЕНИ ГРОБИШТА
33 ЗЕЛЕНИЛО

М - 1 : 1000
0 5 10 20 30 40 50m

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
	УЛИЦИ	4841.27	5.93%
	ТРОТОАРИ ВЕЛОСИПЕД	2798.40	3.43%
	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	11339.17	13.89%
	ПЕШАЧКА ПАТЕКА	566.33	0.69%
	ДЛУ 01.01	44491.00	54.50%
	ДЛУ 01.02	6167.00	7.55%
	ФГР 01.03	9957.00	12.20%
	ДКП 01.04	1468.00	1.80%
		81628.16	100.00%

*ЗА ПАРЦЕЛИТЕ 01.01, 01.02, 01.3 И 01.04 ЗА СЕКОЈА ПОСЕБА ДА СЕ ИЗРАБОТИ УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ КОЈ ТРЕБА ДА ВКЛУЧИЛЕЗЕ ОД КОНФИГУРАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ И ПОДРЕДО ОПКРУЖУВАЊЕ, МАКСИМЕЊЕ ОД ГРАДСКИ ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ ПОДОЗВОЛЕНИОТ КОЕФИЦИЕНТ ЗА ТАКОВ ОБЈЕКТИ СПОРЕД ЧЛЕН 14 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ.

БРОЈ НА УРБАН МОДУЛ	БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА БРУТО		МАКСИМАЛНА ВИСИНА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	ЗАБЕЛЕШКА
				ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА					
УРБАН МОДУЛ 1	01.01	ДЛУ	44491.00	23814.00			53.53	4.00	0	СО ПОСЕБЕН УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ
	01.02	ДЛУ	6167.00	2385.00			38.67	4.00		СО ПОСЕБЕН УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ
	01.03	ФГР	9957.00	430.00	860.00	7,00 m	4.32	0.09	9	
	01.04	ДКП	1543.00	890.00			57.68	4.00	0	СО ПОСЕБЕН УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ
			62158.00	27519.00	860.00		44.27	0.01	9	

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИНВЕСТИТОР: Општина Центар

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД "ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА"

ПРЕДЛОГ ПЛАН -ПЛАНИРАН РАЗВОЈ
СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

ПЛАНЕРИ:
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ д.и.а. лиценца бр. 78
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. лиценца бр. 70

УПРАВИТЕЛ: БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.
РАЗМЕР: Р = 1 : 1000
Техничка број 85-2004
ДАТА: СКОПЈЕ, ЈУНИ 2004
ЛИСТ БРОЈ: 1

Планиран развој

1. Просторен концепт

Согласно ГУП за градот Скопје, на предметниот локалитет се предвидуваат зона за објекти на државна и локална управа(300), парковско и заштитно зеленило (611), дипломатски претставништва (303) и гробишта(651).

Задржана е дел одпостојната улична мрежа со нејзино додефинирање и поврзување согласно ГУП на град Скопје, како и планирање на нова пристапна улица за овозможување на непречен пристап на објектите за државна и локана управа и од јужната страна на комплексот. Во склоп на планираниот простор постојат гробишта кои иако не се активни представуваат значаен културно историски споменик, што е причина да се планираат заштитно и парковско зеленило. Воопшто целиот овај простор представува доминантен дел од урбанит пејсаж на град Скопје, и е значаен поради присуството на културно историски споменици во неговото непосредно опкружување, така да просторниот концепт во кој се поместени споменатите функции е изработен согласно ГУП Скопје 2002.

Со предложеното решение се создаваат услови за подобра сообраќајна поврзаност на локалитетот.

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

2. Поделба и нумерација на блокови

Територијата на опфатот се состои од 1 урбан модул. Урбаниот модул е означен со соодветна нумерација.

Во рамките на урбаниот модул означени се и одделните парцели односно објекти.

Обележувањето на објектот и парцелата е со двоцифрена нумерација, при што првата цифра го означува блокот, а втората парцелата односно објектот.

Според оваа нумерација се обележани урбаните модули, парцелите и објектите во графичките прилози и се изработени урбанистички параметри за секоја парцела прикажани во синтезниот приказ.

Урбаниот модул 1 се состои од 4 урбанистички парцели.

Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за урбанистичките парцели ќе се решаваат во рамките на стопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места во сопствената парцела како основен услов за изградба.

3. Намена на површини со биланси показатели

Со Планот се утврдени следните намени, ДЛУ- Државна и локална управа, ФГР-Француски Воени Гробишта, ДКП- Дипломатско конзуларно представништво, ЗЗ-Зона на заштитно и парковско зеленило.

Намените на објектите се дадени со кратенки впишани на самата локација во графичкиот прилог и во табелите со урбанистички показатели за секоја локација посебно.

Деталниот урбанистички план за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја парцела, како и максимално почитување и усогласување на катастарските со урбанистичките парцели.

Намената на површините е дадена во следната табела:

			ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
НАМЕНА НА ПОВШИНИ	УЛИЦИ		4841.27	5.93%
	ТРОТОАРИ И ВЕЛОСИПЕД		2798.40	3.43%
	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		11339.17	13.89%
	ПЕШАЧКА ПАТЕКА		566.33	0.69%
	ДЛУ 01.01		44491.00	54.50%
	ДЛУ 01.02		6167.00	7.55%
	ФГР 01.03		9957.00	12.20%
	ДКП 01.04		1468.00	1.80%
			81628.16	100.00%

4. Сообраќајно решение

Во локалитетот кој е предмет на изработка на ДУП се опфатени, собирни и сервисно локални улици.

Улицата **Самоилова** е собирна улица со вкупен профил 16,0 м. (2 х 3,5 м. коловоз и 2х3,5 м тротоари).

Улицата **Лазар Личеновски** е собирна улица со вкупен профил 16,0 м. (2 х 3,5 м. коловоз и 2х3,5 м тротоари).

Улицата **Новопланирана** е сервисно-локална улици со вкупен профил 9,0 м. (2х 3,0 м. коловоз, и 2х1.5 м тротоари). Карактеристика на оваа сервисна улица е тоа што има врска само со собирната улица Самоилова.

Пешачко пристапи се со различни профили означени во графичкиот прилог.

Пристапите до парцели се обезбедени од собирната улица Самоилова и од сервисно-локалната новопланирана улица. Задржана е максимално постојната примарна улична мрежа со дефинирање на профили каде тоа е возможно.

Стационарниот сообраќај се решава во склоп на парцелите.

Комплетна сообраќајна сигнализација на улична мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиуси и кривини на локална улична мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни.

5. Нивелманско решение

Со изработка деталниот урбанистички план, пристапено кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламснкото решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Се задржува постојната примарна улична мрежа при што подолжните падови се движат во границите на дозволените.

6. Мерки за заштита

6.1 Мерки и средства за заштита и санација на животната средина

Просторот што го зафаќа планот е на површина од **8.20** ха, и во најголема мера се предвидени содржини на државна и локална управа (62,05%).

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообракај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со оглед дека сите планирани објекти ќе бидат приклучени на канализационен систем загадувањето на почвата е во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на извориштата на вода, сите отпадни води треба до потребен степен да се прочистат.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.

Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот се планирани објекти на државна и локална управа кои можат да бидат потенцијални извори на бука. При планирањето на објектите е потребно да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените параметри.

6.2 Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример посетители и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 8,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода,, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На блиско растојание постои ПП дом.

6.3 Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

6.4 Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од **VIII** степени **MSZ** потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Со изработка на детален урбаннстички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвиденн трафостаници 10/0,4 кВ, во форма на локации во границите на локалитетот.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

За останатите предвидени функции едновремената снага се определува према нивната нето површина и следните критериуми:

- за деловно-административно $0.08\ \mathrm{kW/m^2}$

Вкупно потребна едновремена снага за Дел од Тетовска Трошарина изнесува 8000 kW.

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 1000 kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma Pen}{Str \times \eta} = \frac{8000}{1000 \times 0.75} = 10 \text{ трафостаници}$$

Поради специфичниот карактер на локалитетот се предвидува поставување на потребниот број на трафостаници во склоп на објектите односно во склоп на планираните површини за градба. Нивниот распоред ќе зависи од потребниот конзум на пооделни објекти. Бидејќи станува збор за јавни објекти трафостаниците ќе бидат лоцирани во **склоп на самите објекти** потрошувачи во согласност со Електро Скопје. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЈП Електростопанство на Р.Македонија, Подружница Елекродистрибуција-Скопје.

Јавно осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)

- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат вкупно 200 приклучоци.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши до најблиската автоматска реонска телефонската централа со помош на бакарен кабел 35x4x0,4 мм. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации - Градски телефон Скопје.

8. Хидротехничка инфраструктура

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат комерцијални трговски објекти.

Вкупниот максимален број на корисници би изнесувал Мк = 1000 корисници. Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа со доизградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$$Q \text{ мах/час} = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400} = \text{каде што е}$$

Nk - број на жители, посетители

Q - водоснабдителна норма Q = 500 l/ден/жит.

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a1 = 1,3

a_2= коефициент на часова нерамномерност. a2 = 1,5

$$q \text{ мах/час} = \frac{1000 \times 500 \times 1.3 \times 1.5}{86400} = 11.28 \text{ л/сек.}$$

qпож. = 15,00 л/сек.

Како главен приклучок ќе се користи постојниот цевковод ф200 и неговиот разгранок долж улицата Самоилова и новопредвидените цевководи ф 80 мм ќе го снабдува локалитетот со вода.

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализаицона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациони системи усвоени се од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Концепциското решение е условено со мислењето издадено од Ј.П. Водовод и канализација-Скопје.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од постојни канали кои по потреба ќе се прошират. Како главен колектор за приклучување на

отпадните фекални води предвидено е отпадните води да се одведат во колекторот по Булевар Никола Карев.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемана за 20% од инфилтрација на подземни води.

Канализационата мрежа ќе се состои од арм. бетонски канализциони цевки со Ф »250 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-6%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l / sec)$$

За минимален пречник е усвоен Ф200.

10. Основни параметри за уредување на просторот

1. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.
2. **Утврдувањето на подеталните параметри за организацијата на просторот во поодделни парцели за оваа зона, поради недефинираност на идните потреби, ќе се врши со урбанистичко архитектонски проект** кои треба да произлезат од конфигурацијата на теренот и неговото опкружување, мислење од градскиот завод за заштита на споменици, како и од дозволениот коефициент за ваков вид на објекти даден во член 14 од Правилникот за Стандарди и нормативи за уредување на просторот..
3. При изготвување на урбанистички проект се применуваат параметрите од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ", бр. 50/2003 и) и параметрите од овој план.
4. Во рамките на оваа зона урбанистичките параметри ќе се дефинираат со урбанистички проекти кои ќе ги почитуваат предвидените градежни линии на објектите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 50/03).Просторот помеѓу градежната линија на површината за градба и линијата на парцелата задолжително да се уреди како парковско зеленило.
5. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на превидените со правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.
6. При изработка на урбанистичко архитектонските проекти да се внимава на елементите од културно историско значење кои се наоѓаат во непосредна близина на локалитетот. Истото треба максимално да се почитува.
7. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
8. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
9. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

10. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 4,0 м. над максималната или дозволената висина на изградба. По исклучок можна е поголема висина на слемето во зависност од потребите на технолошкиот процес.
11. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 50/03). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.
12. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.
13. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
14. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.
15. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места.
16. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.
17. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.
18. Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од технолошките процеси во деловните објекти, ќе го вршат на своја сметка сопствениците директно во регионалната (општинската) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

Извод од постоен ДУП:
ДУП локалитет “Тетовска Трошарина
(Одлука бр. 07-8460/4 од 13.11.2012)
М=1 : 1000
5.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.27-819/9 од 12.02.2019 год.
С к о п ј е

Сектор за урбанизам
- Одделение за градежништво

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 108/2019

ДУП: локалитет „Тетовска Трошарина"

Одлука бр.: 07-8460/4 **од** 13.11.2012

Намена на градба:

Улица:

К.О. Центар 1 **К.П.**

ДЛ: **М**: 1: 1000

Извод за цел плански опфат

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето на извод со:**
     - ☑ легенда
     - ☑ табела со нумерички показатели
   - ☑ **Заверена копија од други графички прилози со легенда:**
     - ☒ Сообраќаен план – план на подземно паркирање
     - ☑ Сообраќаен план – нивелациски план
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - ☑ **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за спроведување на планот, заштита и културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, движење на хендикепирани лица и сл.
   - ☒ **Заверена копија од други услови**
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**
   - ☑ Текстуален дел
   - ☑ Графички приказ

Изготвил:
Злата Стефановиќ,арх.тех.

Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ
САША БОГДАНОВИЌ

ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК



НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
БЛОК 1	1.01	Б	В3	-	16.50 m	П+3	3023 m²	2067 m²	8268 m²	68.38%	2.74
	1.02	Б	Б4	-	10.20 m	П+2	761 m²	265 m²	795 m²	34.82%	1.04
	1.03	В	В4	Б1,Б2,Б3,Б4,В3 (25%)	10.20 m	П+2	764 m²	277 m²	831 m²	36.26%	1.09
	1.04	В	В4	Б1,Б2,Б3,Б4,В3 (25%)	10.20 m	П+2	875 m²	364 m²	1092 m²	41.60%	1.25
ВКУПНО							5423 m²	2973 m²	10986 m²	54.82%	2.03
БЛОК 2	2.01	В	В3	-	10.20 m	П+2	1263 m²	364 m²	1092 m²	28.82%	0.86
	2.02	Е	Е2	трафостаница 10/0.4 kW			140 m²	19 m²	19 m²	13.57%	0.14
ВКУПНО							1403 m²	383 m²	1111 m²	27.30%	0.79

ДУП | ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА, ОПШТИНА ЦЕНТАР

Б4 - ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ		761 m²	1.30%
В3 - КУЛТУРА		4286 m²	7.34%
В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ		1639 m²	2.81%
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		41034 m²	70.30%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	10509 m²	18.00%
Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА		140 m²	0.24%
ВКУПНО		58369 m²	100.00%

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ПОВРШИНА СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ТРЕТ СТЕПЕН - КОНТАКТНА ЗОНА
- БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ

СООБРАЌАЈ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
- ПЕШАЧКА ПАТЕКА

КЛАСИ НА НАМЕНА

- Б4 — ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ
- В3 — КУЛТУРА
- В4 — ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРАФОСТАНИЦИ)
- Д2 — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ИНФРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ВОДОВОД
- ПЛАНИРАН ВОДОВОД
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4kV

ЛЕГЕНДА

- КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- СТАРА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ
- НОВА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / НОВИ ОБЈЕКТИ
- УЛИЦИ И ПРИСТАЛНИ ПАТЕКИ - ПОМОШНИ ЛИНИИ
- 9506/2 — БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- 247.816 — НАДМОРСКА ВИСИНА (КОТА) НА ДЕТАЛНА ТОЧКА
- ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ЗГРАДА
- ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
- ПОМОШНИ ЗГРАДИ
- Барака
- ТРАФИКА
- ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ
- СТАНБЕНО - ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
- СТОЛБОВИ ОД ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ПОДЗЕМЕН ХИДРАНТ СО ЗАТВОРАЧ
- ВОДОМЕР
- ВОДОВОД - ШАХТА
- ФОНТАНА
- ОКНО СО РЕГУЛАЦИЈА НА ПРИТИСОК
- СЛИВНИК
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАБЛОВСКО ТТ ОКНО
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СТОЛБОВИ ОД ПТТ МРЕЖА
- ДРВА
- ПАРК И ЗЕЛЕНИЛО

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

М - 1 : 200

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
БУЛЕВАР „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"



СОБИРНА УЛИЦА
УЛИЦА „ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ"
УЛИЦА „САМОИЛОВА"



ТУНЕЛ ПОД КАЛЕ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 1"



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 2"



ПЕШАЧКА ПАТЕКА



ИНВЕСТИТОР:	
Општина Центар	
ПРЕДМЕТ НА РАБОТА: Изработка на ажурирана геодетска подлога за ДУП "Тетовска Трошарина".	
ИЗРАБОТКА НА СИТУАЦИЈА ВО DWG (drawing) ФОРМА	
РАЗМЕР: 1:1000	
ДАТУМ: 07.03.2012 год.	
	D:\CIV\2011\ДУП Мој ред\Dela Logo.JPG
	Друштво за геодетски работи и услуги "ДЕЛА СИСТЕМИ" ДОО Скопје
	Бул. Октомериска Револуција бр. 8-1 1000 Скопје тел: +389 2 3216 207 e-mail:contact@delasystems.com.mk
	Изработил: Даниел Стојановски дипл. геод. инж.
	Управител на ДЕЛА СИСТЕМИ РИСТО ПЕТРОВ дипл. геод. инж.

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА ОПШТИНА ЦЕНТАР ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2012-2017 М=1:1000



М - 1 : 1000

0 5 10 20 30 50m

ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНПУЛС

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН **ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА - ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ,
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0065
БЛАЖУНКА ТРПКОВСКА, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0051
ЕЛЕНА ТРГАЧЕВСКА, дипл. инж. арх.

СОРАБОТНИЦИ
НИКОПИНА ШАНДЕВСКА, дипл. град. инж., овл. бр. 2.0129
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ, дипл. сооб. инж., овл. бр. 5.0034
ТОНКА АНДОНОВА, дипл. инж. арх.
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН, дипл. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ: **БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.**	РАЗМЕР: Р = 1 : 1000
Технички број: 11/2012	ДАТА: СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2012
2012ДУП Тетовска трошарина	ЛИСТ БРОЈ: 4


ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ
ИНФРАСТРУКТУРА
ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПОСТОЕН ВОДОВОД
ПЛАНИРАН ВОДОВОД
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4kV
ЛЕГЕНДА
КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
СТАРА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ
НОВА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / НОВИ ОБЈЕКТИ
УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ - ПОМОШНИ ЛИНИИ
9506/2 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
247.816 НАДМОРСКА ВИСИНА (КОТА) НА ДЕТАЛНА ТОЧКА
ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ЗГРАДА
ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
ПОМОШНИ ЗГРАДИ
Барака
ТРАФИКА
ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ
СТАНБЕНО - ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
СТОЛБОВИ ОД ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ПОДЗЕМЕН ХИДРАНТ СО ЗАТВОРАЧ
ВОДОМЕР
ВОДОВОД - ШАХТА
ФОНТАНА
ОКНО СО РЕГУЛАЦИЈА НА ПРИТИСОК
СЛИВНИК
КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
КАБЛОВСКО ТТ ОКНО
СООБРАЌАЕН ЗНАК
СТОЛБОВИ ОД ПТТ МРЕЖА
ДРВА
ПАРК И ЗЕЛЕНИЛО
ПЕШАЧКА ПАТЕКА ПОКРАЈ АМБАСАДА
ОКАЛИ ДО ФРАНЦУСКИ ГРОБИШТА
ПОВОПЛАНИРАНА 1
ПОВОПЛАНИРАНА 2
ПОВОПЛАНИРАНА 3
ПОВОПЛАНИРАНА 4
ПОВОПЛАНИРАНА 5
ПОВОПЛАНИРАНА 6
ПОВОПЛАНИРАНА 7
ПОВОПЛАНИРАНА 8
ПОВОПЛАНИРАНА 9
ПОВОПЛАНИРАНА 10
ПОВОПЛАНИРАНА 11
ПОВОПЛАНИРАНА 12
ПОВОПЛАНИРАНА 13
ПОВОПЛАНИРАНА 14
ПОВОПЛАНИРАНА 15
ПОВОПЛАНИРАНА 16
ПОВОПЛАНИРАНА 17
ПОВОПЛАНИРАНА 18
ПОВОПЛАНИРАНА 19
ПОВОПЛАНИРАНА 20
ПОВОПЛАНИРАНА

ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ

СООБРАЌАЈ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
- ПЕШАЧКА ПАТЕКА

ИНФРАСТРУКТУРА

- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4kV

ЛЕГЕНДА

- КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- СТАРА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ
- НОВА СОСТОЈБА НА ТЕРЕНОТ / НОВИ ОБЈЕКТИ
- УЛИЦИ И ПРИСТАЛНИ ПАТЕКИ - ПОМОШНИ ЛИНИИ
- 9906/2 — БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- 247.816 — НАДМОРСКА ВИСИНА (КОТА) НА ДЕТАЛНА ТОЧКА
- ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ЗГРАДА
- ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
- ПОМОШНИ ЗГРАДИ
- Барака
- ТРАФИКА
- ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ
- СТАНБЕНО - ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ
- СТОЛБОВИ ОД ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ПОДЗЕМЕН ХИДРАНТ СО ЗАТВОРАЧ
- ВОДОМЕР
- ВОДОВОД - ШАХТА
- ФОНТАНА
- ОКНО СО РЕГУЛАЦИЈА НА ПРИТИСОК
- СЛИВНИК
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАНАЛИЗАЦИЈА - ШАХТА
- КАБЛОВСКО ТТ ОКНО
- СООБРАЌАЕН ЗНАК
- СТОЛБОВИ ОД ПТТ МРЕЖА
- ДРВА
- ПАРК И ЗЕЛЕНИЛО

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

М - 1 : 200

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
БУЛЕВАР „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"



СОБИРНА УЛИЦА
УЛИЦА „ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ"
УЛИЦА „САМОИЛОВА"



ТУНЕЛ ПОД КАЛЕ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 1"



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 2"



ПЕШАЧКА ПАТЕКА



ИНВЕСТИТОР: Општина Центар	D:\ЕЛ\2011\DUP Mal ring\Data Logo.JPG
ПРЕДМЕТ НА РАБОТА: Изработка на ажурирана геодетска подлога за ДУП "Тетовска Трошарина".	**Друштво за геодетски работи и услуги "ДЕЛА СИСТЕМИ" ДОО Скопје**
ИЗРАБОТКА НА СИТУАЦИЈА ВО DWG (drawing) ФОРМА	Бул. Октомвриска Револуција бр. 8-1 1000 Скопје тел: +389 2 3216 207 e-mail:contact@delasystems.com.mk
РАЗМЕР: 1:1000	Изработил: Даниел Стојановски дипл. геод. инж.
ДАТУМ: 07.03.2012 год.	

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2012-2017

М=1:1000







ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА - ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ,
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0065
БЛАЖУНКА ТРПКОВСКА, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0051
ЕЛЕНА ТРГАЧЕВСКА, дипл. инж. арх.

СОРАБОТНИЦИ
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА, дипл. град. инж., овл. бр. 2.0129
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ, дипл. сооб. инж., овл. бр. 5.0034
ТОНКА АНДОНОВА, дипл. инж. арх.
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН, дипл. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:	РАЗМЕР:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.	P = 1 : 1000
Технички број: 11/2012	ДАТА: СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2012
2012ДУП Тетовска трошарина	ЛИСТ БРОЈ: 2

Планска документација

1. Вовед

Предмет на работа е изработка на Детален урбанистички план за локалитет "ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА ", општина Центар,

Документацијата е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 63/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (*Службен весник на Република Македонија*, бр.78/06) , како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

Локалитетот се наоѓа во северниот дел на Општина Центар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон.

Границата на зафатот е прикажана во графичките прилози:

На ***исток*** оди по осовината на продолжението на Булеварот Свети Климент Охридски (Тунел под Кале);

На ***север*** оди по осовината на улицата Самуилова

На ***запад*** оди по граница на наменска зона за дипломатски претставништва, осовината на новопланирана улица 1 и осовина на пешачка улица

На ***југ*** границата оди по осовината на улица Лазар Личеновски

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува **5.83**ха.

Основните предности на локалитетот е поволната ориентација на локалитетот и добрата пристапност од сите правци.

Сообраќајно преку улицата Самоилова, е поврзан со централното градско подрачје како и со функциите што го тангираат.

Пристапот до локалитетот е доста проточен.

3. Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво

Со ГУП от се дефинирани намените за овој простор во кој се предвидуваат:

- Дипломатски објекти (303)
- Парковско заштитно зеленило (611)

Задржана е постојната примарна улична мрежа со нејзино додефинирање и поврзување согласно ГУП на град Скопје. Елементите на интерна сообраќајна мрежа се ускладени со важечките законски прописи за обезбедување пристап до сите локации.

4. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој

Се врши усогласување на изградените објекти со основните параметри на урбанистичкото, сообраќајното решение и инфраструктурата.

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Концептот предвидува изградба на комплекс на објекти со намена В – Јавни институции во рамки на предметниот плански опфат. Концептот предвидува изградба на објекти со изедначени висини. Висините се дефинирани во зависност од предвидените функции и нивната местоположба.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање ќе се решаваат со изградба на паркинзи, во склоп на локацијата во близината на објектите кај кои се очекува голем број на посетители, но со добра поврзаност со примарната улична мрежа.

Деталниот урбанистички план за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја парцела, односно објект. Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

5. Опис и образложение на планските решенија за изградба на градежно земјиште

Планскиот опфатот е дефиниран со делови како посложена единица на градежното земјиште која се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на делот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии и граници на градежни парцели.

Планскиот опфат на детален урбанистички план се состои од 2 дела. Истите се означени со соодветна нумерација, при што нумерацијата заради континуитет е превземена од претходниот ДУП. Тие содржат променлив број на градежни парцели со површини за градба.

Обележувањето нумерацијата на градежната парцела е со троцифрена нумерација, при што првата цифра ја означува градската четврт, втората блокот а третата градежната парцела или површината за изградба.

Според оваа нумерација се нумерирани блоковите и градежните парцели во графичките прилози и се изработени урбанистички параметри за секоја парцела прикажани во синтезниот приказ.

Преглед на градежни парцели во делови:

ДЕЛ 1 се состои од 4 градежни парцели.
ДЕЛ 2 се состои од 2 градежни парцели.

Вкупно во рамките на планскиот опфат предвидени се и постојат 5 градежни парцели.

6. Класа на намени

Според ГУП на град Скопје од 2002 предвидена е зона со намена В4 – Државни институции со површина од 12962м^2, која се протега во рамки на планскиот опфат и продолѓува и надвор од планскиот опфат. Со ова изменување и дополнување на ДУП во рамки на предвидената класа на намена В4 – Државни институции како компатибилни намени на основата се одредени В3 – Култура со учество од 33.06% во основната класа на намена односно 4286м^2 и Б4 – Деловни дејности со учество од 5.87% од основната класа на намена односно површина од 761м^2, што е во рамки на дозволената граница за поставување на компатибилни намени според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.63/12).

Б Комерцијални и деловни намени
- **Б4 Деловни дејности**

В Јавни институции
- **В3 Култура**
- **В4 Државни институции**

Д Зеленило и рекреација
- Д2 заштитно зеленило

Е Инфраструктура
- Е2 трафостаница

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба за секоја градежна парцела поединечно. Покрај основните класи можно е поставување на компатибилни намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12).

Деталниот урбанистички план за овој локалитет овозможува сообраќајно поврзување до секоја парцела, односно објект, како и максимално почитување и усогласување на катастарските со градежните парцели

7. Сообраќајно решение

Сообраќајното решение на Детален урбанистички план за локалитет "ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА", општина Центар, е креирано така да овозможи проточност и можност за опслужување на поголеми капацитети.

Локалитетот кој е предмет на изработка на ДУП се опфатени: магистрални, собирни, станбени улици и пешачки улици.

Улицата **Свети Климент Охридски, е** магистрална улица со вкупен профил од 17м. 2 х 1,5м тротоари, и 14,0 м коловоз.

Улиците **Самоилова и Лазар Личеновски, с**е собирни улици со вкупен профил од 16м. 2 х 3,0м тротоари, 2 х 1,5 м велосипедски патеки, и 7,0 м коловоз.

Улиците **Новопланирана 1 и 2** се станбени улици со вкупен профил кој варира од 8.5м до 9м

Пешачката улица која се наоѓа долж границата со Американската амбасада е веќе изведена и претставува продолжение на изведената станбена улица.

Пристапите до парцели се обезбедени од станбените улици. Задржана е максимално постојната улична мрежа со дефинирање на профили каде тоа е возможно.

Потребите за стационарниот сообраќај се решаваат во склоп на парцелите.

Комплетна сообраќајна сигнализација на улична мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиуси и кривини на уличната мрежа се согласно нормативите за овој тип сообраќајници.

За обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

Б – Комерцијални и деловни намени
Б4 Деловни дејности
- 1 паркинг место на секои 60 м^2 од вкупно изградената површина.

В – Јавни институции
В3 Култура
- за изложбен простор за музеи и галерии 1 паркинг место на секои 40 м^2 од вкупно изградената површина.
- за кино сали, театри, концертни дворани и други изведувачки уметности: 1 паркинг место на секои 10 посетители.

В4 Државни институции
- за државни институции 1 паркинг место на секои 80 м^2 од вкупно изградената површина.

Д2 – Заштитно зеленило
- Не се предвидуваат паркинг места за оваа намена.

8. Нивелманско решение

Со изработка деталниот урбанистички план, пристапено кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Се задржува постојната улична мрежа при што подолжните падови се движат во границите на дозволените.

Посебна карактеристика на планот што во неговата источна граница поминува дел од булеварот Св. Климент Охридски како тунел под Кале. Нивелетата на тунелот е дадена оквирно а вистинските вредности ќе се добијат по изработка на идејните и основните проекти на сообраќајницата.

9. Мерки за заштита

9.1. Мерки за заштита на животна средина

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) за планската документација Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Тетовска трошарина, Општина Центар, плански период 2012-2017, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во воjна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко - технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

9.2. Засолнување

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

9.3. Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на

заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

9.4. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

На површината на предметниот плански опфат на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Тетовска трошарина, Општина Центар, плански период 2012-2017, предвидени се вкупно 6 градежни парцели, од кои 5 се со намена В – Јавни институции и 1 е со намена Е2 – Комунална инфраструктура. Сообраќајните површини зафаќаат 10509м^2 т.е. 18,00%.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0цм и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Скопје, би изнесувал од 10 до 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ф80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф80мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ф80мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и

експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

9.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

9.6. Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 16,50м;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;

- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

9.7. Заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

9.8. Спасување од сообраќајни несреќи

Планираната улична мрежа за документација Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Тетовска трошарина, Општина Центар, плански период 2012-2017, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 5,83ха од која 1,05ха е под сообраќајни површини или 18,00%. Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, бр. 63/12). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Скопје би изнесувал од 10 до 15мин.

9.9. Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

9.10. Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

9.11. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

9.12. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

9.13. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

9.14. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

9.15. Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се

решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

i. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
ii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
iii. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

10. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Со изработка на детален урбаннстички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4 кВ, во форма на локации во границите на локалитетот.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електро-енергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

1. Јавни институции

За предвидените функции едновремената снага се определува према нивната нето површина и следните критериуми:

- за јавни функции $0.08\ \mathrm{kW/m^2}$

Вкупно потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 800 kW.

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 1000 kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma Pen}{Str \times \eta} = \frac{800}{1000 \times 0.75} = 1 \text{ трафостаница}$$

Потребно е да се лоцираат соодветен број на слободностоечки или трафостаници вградени во објекти кои се големи корисници со вградени 2 трансформатори по 1000 kVA. Локацијата се наоѓа во опфатот на соседниот план северно од улицата Самоилова. Можно е поставување на трафостаници во склоп на самите објекти со претходна согласност од ЕВН.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЈП Електростопанство на Р.Македонија, Подружница Елекродистрибуција-Скопје.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот — Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост — Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност — jr=40%
- висина на монтажа на светилките — H=8m
- светлосен извор — VTFE-250W
- начин на поставување — еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост — Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност — jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките — N= 8(10) (m)

- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 150 телефонски приклучоци.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши до најблиската автоматска реонска телефонската централа со помош на бакарен кабел 35x4x0,4 мм. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации - Градски телефон Скопје.

11 Хидротехничка инфраструктура

11.1. Водоснабдување

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат дипломатско резиденцијални и културни комплекси. Предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот. За останатите функции бројот на корисници ќе изнесува 500.

Вкупниот максимален број на корисници би изнесувал Мк = 500 жители. Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа со доизградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 300 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$$Q_{max/час} = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400} =$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители

Q - водоснабдителна норма Q = 500 l/ден/жит.

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a1 = 1,3

a_2= коефициент на часова нерамномерност. a2 = 1,5

$$q_{max/час} = \frac{500 \times 500 \times 1.3 \times 1.5}{86400} = 5.52$$ л/сек.

qпож. = 5,00 л/сек.

Како главен приклучок ќе се користи цевковод ф150 северно од локалитетот кој преку ул. Самоилова преку постојните и новопредвидените цевководи ф 150 и ф 100 мм ќе го снабдува локалитетот со вода.

Се предвидува изградба на нова секундарна циркулациона мрежа по новопредвидените улици која ќе се состои од профили Ф>100мм.

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациони системи усвоени се од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Концепциското решение е условено со мислењето издадено од Ј.П. Водовод и канализација - Скопје. Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од постојни канали кои по потреба ќе се прошират. Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Канализационата мрежа ќе се состои од арм. бетонски канализциони цевки со Ф>300 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-6%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/sec)$$

За минимален пречник е усвоен Ф300.

12. Гасификациона мрежа

На локалитетот не постои гасификациона мрежа. Можно е нејзино поставување со изработка на соодветна урбанистичко техничка документација.

1. Нумерички дел

Планирани површини по намена на земјиште

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби.

Табелите ги прикажуваат урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела, на ниво на дел и на ниво на плански опфат.

	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
БЛОК 1	1.01	В	В3	-	16.50 m	П+3	3023 m²	2067 m²	8268 m²	68.38%	2.74
	1.02	Б	Б4	-	10.20 m	П+2	761 m²	265 m²	795 m²	34.82%	1.04
	1.03	В	В4	Б1,Б2,Б3,Б4,В3 (25%)	10.20 m	П+2	764 m²	277 m²	831 m²	36.26%	1.09
	1.04	В	В4	Б1,Б2,Б3,Б4,В3 (25%)	10.20 m	П+2	875 m²	364 m²	1092 m²	41.60%	1.25
ВКУПНО							**5423 m²**	**2973 m²**	**10986 m²**	**54.82%**	**2.03**
БЛОК 2	2.01	В	В3	-	10.20 m	П+2	1263 m²	364 m²	1092 m²	28.82%	0.86
	2.02	Е	Е2	трафостаница 10/0.4 kW			140 m²	19 m²	19 m²	13.57%	0.14
ВКУПНО							**1403 m²**	**383 m²**	**1111 m²**	**27.30%**	**0.79**

ДУП | ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА, ОПШТИНА ЦЕНТАР			
	Б4 - ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ	761 m²	1.30%
	В3 - КУЛТУРА	4286 m²	7.34%
	В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	1639 m²	2.81%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	41034 m²	70.30%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	10509 m²	18.00%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	140 m²	0.24%
ВКУПНО		**58369 m²**	**100.00%**

СПОРЕДБА НА ПОСТОЈНИ И ПЛАНИРАНИ ПОВРШИНИ ПОД ОБЈЕКТИ

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

ДУП ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА - ОПШТИНА ЦЕНТАР				
	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		2141 m²	3.67%
	Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		51348 m²	87.97%
	Е1 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	4880 m²	8.36%
ВКУПНО			58369 m²	100.00%

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

ДУП | ТЕТОВСКА ТРОШАРИНА, ОПШТИНА ЦЕНТАР				
	Б4 - ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ		761 m²	1.30%
	В3 - КУЛТУРА		4286 m²	7.34%
	В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ		1639 m²	2.81%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		41034 m²	70.30%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	10509 m²	18.00%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА		140 m²	0.24%
ВКУПНО			58369 m²	100.00%

Економско образложение

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на реализација на Изменување и дополнување на Деталниот Урбанистички план за Локалитет Тетовска Трошарина, Општина Центар, кој е предмет на изработка,ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и сообраќајните површини.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени "економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Основни проекти, а се изложени на чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредни претпоставки и слично.

Поради сето изнесено економското образложение го сфаќаме како најгруба апроксимација која не би можело да има карактер на било која планска одредба.

Ова посебно важи за ваков мал плански опфат за кој сега се изработува планската документација, во сопственост на сопствениците и корисниците и сите вложувања во новопланираната инфраструктура, на дел од опфатот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од местоположбата на планскиот опфат и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува 12097м^2 бруто развиена површина со различни класи на намени. Овој дел што се урбанизира ќе претставува силен економски импулс на Општината Центар.

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.2 Во Деталниот урбанистички план предвидени се следните класи на намени:

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б4 – Деловни дејности

В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В3 - Култура
В4 – Државни институции

Д - ЗЕЛЕНЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 - Заштитно зеленило

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
Е2 - Комунална супраструктура

Класите на намени Б4 – Деловни дејности и В3 – Култура се одредени како компатибилни намени на основната намена В4 – Државни институции. Според ГУП на град Скопје од 2002 предвидена е зона со намена В4 – Државни институции со површина од 12962м^2, која се протега во рамки на планскиот опфат и продолжува и надвор од планскиот опфат долж улицата Самоилова и е треба да се опфати со соседниот Детален урбанистички план кој сеуште не донесен. Со оглед на тоа дека станува збор за интегрална наменска зона дефинирана во ГУП Скопје 2002 како дипломатски претставништва (303) а најголемиот дел од оваа зона е во опфатот на планот, утврдена е компатибилна класа на намени на целата зона со намена В4 – Државни институции. Со ова изменување и дополнување на ДУП во рамки на предвидената класа на намена В4 – Државни институции како компатибилни намени на основата се одредени В3 – Култура со учество од 33.06% во основната класа на намена односно 4286м^2 и Б4 – Деловни дејности со учество од 5.87% од основната класа на намена односно површина од 761м^2, што е во рамки на дозволената граница за поставување на компатибилни намени според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.63/12).
Заради флексибилноста на планот предвидени се зони со компатибилни класи на намени што се дадени во планот.
Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

1.3 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12), постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 35 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.4 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

1.5 Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски испакнувања.

1.6 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.7 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

1.8 Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени во Правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби со намена домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20м. Најмалата катна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90м,а за деловна дејност 3,40м.

1.9 Максималната височина на слеме е до 3,50м над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира

рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

1.10 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

1.11 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

Кај повеќе локации за бруто површините за градба се земени апроксимативни површини за димензионирање, се со цел да се добијат пореални показатели.

1.12 За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:

Паркирањето на моторните возила да се реши во секоја градежна парцела засебно или можно е решавање на заеднички подземно или надземно паркирање за две или повеќе парцели, а во се според член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12).

1.13 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

1.14 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

1.15 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

1.16 Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели е потребно да изнесува минимум 5%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

1.17 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.18 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.19 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.20 Доколку при реализација на Деталниот урбанистичкиот план Локалитет Тетовска трошарина, Општина Центар, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04).

За се што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и

нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12).

2. **Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот**

ДЕЛ 1
Градежна парцела: 1.01
Класа на намени: В3 Култура
Природа на зафат: Се планираат изградба на нови објекти. Предвидена е намена В3 – Култура. Пред издавање на одобрение за градба за новите објекти задолжително е вршење на сондажни археолошки истражувања на градежната парцела во согласност со Заштитно конзерваторските основи.

- Класата на намена В3 – Култура е определена како компатибилна класа на намена и за предметната парцела не се предвидуваат компатибилни класи на намена на основната.
- Парцелата понатаму ќе биде предмет на разработка со архитектонско урбанистички проект за кој треба да се добие согласност од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство.
- Колскиот пристап да се обезбеди од станбените улици Новопроектирана 1 и 2. Ширината на рампите, нивниот наклон и радиусите да се во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 63/12).

Паркирање: Паркирањето - гаражирањето е предвидено во склоп на парцела ниво на терен и во подземни паркинг нивоа. Паркирањето - гаражирањето се решава со почитување на нормативите од член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12). Обезбедување на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. При решавањето на подземни паркиралишта подолжниот наклон, ширината и радиусот на рампите да биде во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12).

Градежна парцела: 1.03 и 1.04
Класа на намени: В4 Државни институции.
Природа на зафат: Се планираат изградба на нови објекти. Предвидена е намена В4 – Државни институции. Пред издавање на одобрение за градба за новите објекти задолжително е вршење на сондажни археолошки истражувања на градежната парцела во согласност со Заштитно конзерваторските основи.

- Предвидени се компатибилни намени Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б3 – Големи угостителски единици, Б4 – Деловни дејности, В3 – Култура со максимална застапеност од 25% во однос на основната класа на

намена во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12).

- Парцелите понатаму ќе бидат предмет на разработка со архитектонско урбанистички проект за кој треба да се добие согласност од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство.
- Колскиот пристап да се обезбеди од станбената улица Новопроектирана 2. Ширината на рампите, нивниот наклон и радиусите да се во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 63/12).

Паркирање: Паркирањето - гаражирањето е предвидено во склоп на парцела на ниво на терен и во подземни паркинг нивоа. Паркирањето - гаражирањето се решава со почитување на нормативите од член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12). Обезбедување на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. При решавањето на подземни паркиралишта подолжниот наклон, ширината и радиусот на рампите да биде во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12).

Градежна парцела: 1.02
Класа на намени: Б4 Деловни дејности.
Природа на зафат: Се планираат изградба на нови објекти. Предвидена е намена Б4 – Деловни дејности. Пред издавање на одобрение за градба за новите објекти задолжително е вршење на сондажни археолошки истражувања на градежната парцела во согласност со Заштитно конзерваторските основи.

- Класата на намена Б4 – Деловни дејности е определена како компатибилна класа на намена и за предметната парцела не се предвидуваат компатибилни класи на намена на основната.
- Парцелата понатаму ќе биде предмет на разработка со архитектонско урбанистички проект за кој треба да се добие согласност од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство.
- Колскиот пристап да се обезбеди од станбената улица Новопроектирана 2. Ширината на рампите, нивниот наклон и радиусите да се во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 63/12).

Паркирање: Паркирањето - гаражирањето е предвидено во склоп на парцела на ниво на терен и во подземни паркинг нивоа. Паркирањето - гаражирањето се решава со почитување на нормативите од член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12). Обезбедување на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. При решавањето на подземни паркиралишта подолжниот наклон, ширината и радиусот на рампите да биде во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12).

ДЕЛ 2
Градежна парцела: 2.01
Класа на намени: В3 Култура
Природа на зафат: Се планираат изградба на нови објекти. Предвидена е намена В3 – Култура. Пред издавање на одобрение за градба за новите објекти задолжително е вршење на сондажни археолошки истражувања на градежната парцела во согласност со Заштитно конзерваторските основи.

- Класата на намена В3 – Култура е определена како компатибилна класа на намена и за предметната парцела не се предвидуваат компатибилни класи на намена на основната.
- Парцелата понатаму ќе биде предмет на разработка со архитектонско урбанистички проект за кој треба да се добие согласност од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство.
- Колскиот пристап да се обезбеди од станбената улица Новопроектирана 1. Ширината на рампите, нивниот наклон и радиусите да се во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 63/12).

Паркирање: Паркирањето - гаражирањето е предвидено во склоп на парцела ниво на терен и во подземни паркинг нивоа. Паркирањето - гаражирањето се решава со почитување на нормативите од член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12). Обезбедување на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. При решавањето на подземни паркиралишта подолжниот наклон, ширината и радиусот на рампите да биде во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 63/12).

Градежна парцела: 2.02
Класа на намени: Е2 Трафостаница
Природа на зафат: Се планира изградба на нов објект.

Извод од постоен ДУП:
ДУП за дел од спортско рекреативен центар “Кале”, блок 2

(Одлука бр. 07-9816/1 од 21.12.2012)

М=1 : 1000

6.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЦЕНТАР

Бр. 27-819/6 **од** 12.02.2019 год.

Сектор за урбанизам
- Одделение за градежништво

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 105/2019

ДУП: Детален урбанистички план за дел од спортско рекреативен центар- "Кале" блок 2

Одлука бр.: 07-9816/12 **од** 21.12.2012

Намена на градба:

Улица:

К.О.Центар 1 **К.П.**

М:1:1000

Извод за цел плански опфат

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - ✓ **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето на извод со:**
     - ✓ легенда
     - ✓ табела со нумерички показатели
   - ✓ **Заверена копија од други графички прилози со легенда:**
     - ✓ Сообраќаен план – план на подземно паркирање
     - ✓ Сообраќаен план – нивелациски план
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - ✓ **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за спроведување на планот, заштита и културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, движење на хендикепирани лица и сл.
   - ✓ **Заверена копија од други услови**
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**
   - ✓ Текстуален дел
   - ✓ Графички приказ

Изготвил :
Злата Стефановиќ, арх. тех.

Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К
Саша Богдановиќ





НУМ. НА БЛОК.	НУМ.НА ГРАД. ПАРЦЕЛА	БРОЈ НА ОБЈ.	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ	КОМПАТИБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНИ НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНИ	ДОКАЖАНИОТ ДОЗВОЛЕН % НА УЧЕСТВО НА ЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА НА ПЛАНОТ	СПРАТНА ВИСИНА	МАКС. ВИСИНА ДО ЗАВРШЕН ВЕНЕЦ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	МАКС. ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	ПОТРЕБЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА
БЛОК 2	2,1	1	В4	Б1-25%;Б2-25%;Б3-25%;Б4-25%В3-25%-	25%	П+3	15м	4505 м2	1931 м2	5794 м2	во градежна парцела
	2,2	1	Г2	Б4-10%; Б1-30%; Б2 -30%; В5-5%;Д3-30%	49%	П+2	12м	5537 м2	3396 м2	10188 м2	во градежна парцела
	2,3	1	Б4	-	-	П+6+Пк	25м	2447 м2	1105 м2	8836 м2	во градежна парцела
	2,4	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,8%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-со архитектонско урбанистички проект	12м	8063 м2	4714 м2	-	во градежна парцела
	2,5	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	2284 м2	1386 м2	11088 м2	во градежна парцела
	2,6	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	2350 м2	1471 м2	11767 м2	во градежна парцела
	2,7	1	Е2	-	-	-	-	2131 м2	-	-	71 П.М. на Ниво
	2,8	1	Е2	-	-	-	-	6300 м2	-	-	210 П.М. на Ниво
	2,9	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	3743 м2	1471 м2	11765 м2	во градежна парцела
	2,10	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,8%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-	12м	7639 м2	6657 м2	-	во градежна парцела
	2,11	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,8%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-со архитектонско урбанистички проект	16.5м/ 6м	14182 м2	9645 м2	-	во градежна парцела
	2,12	1	Е2	-	-	П	3,5м	83 м2	17 м2	-	во градежна парцела
	2,13	1	Е2	-	-	П	3,5м	79 м2	34 м2	-	во градежна парцела
	2,14	1	Е2	-	-	П	3,5м	75 м2	34 м2	-	во градежна парцела
	2,15	1	Е2	-	-	П	3,5м	75 м2	34 м2	-	во градежна парцела
	ВКУПНО							59494 м2	31894 м2	59438 м2	
	ПОВРШИНА НА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ							2010 м2			

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ 12.4 ха
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ — ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ — ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
- ПодГЛ — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1; 1.2; 1.3;... — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H=25.00м — МАКСИМАЛНА ВИСИНА
- П+6+Пк — КАТНОСТ
- ○ 285.60 — НИВЕЛМАНСКИ КОТИ
- КОНТАКТНА ЗОНА НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА - СКОПСКА ТВРДИНА "КАЛЕ"
- ГРАНИЦА НА НА КОНТАКТНАТА ЗОНА НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА
- **БЕСПРАВНА ГРАДБА**

НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
- РЕКА
- БРЕГ НА РЕКАТА

КЛАСИ НА НАМЕНИ

- Б5 — ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ
- Б4 — ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ
- В4 — ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Д1 — ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Д2 — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Д3 — СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Г2 — ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Е2 — КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
- Е1 — КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (булевар кој го премостува опфатот)

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Ø150 — ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø150 — ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø1000 — ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø250 — ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø500 — ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø300 — ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ТОПЛОВОД
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЕН ТОПЛОВОД
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ПЛАНИРАНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА ВОДОВОДНИ ЦЕВКИ
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА ФЕКАЛНИ ЦЕВКИ

ПРОФИЛ НА РЕКА ВАРДАР



ПРЕСЕК 1-1:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР "КАЛЕ ", БЛОК 2 ОПШТИНА ЦЕНТАР , ГРАД СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПРЕДЛОГ ПЛАН 2012-2017

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
Д3	29166 м2	23,52%
Б5	8377 м2	6,76%
Б4	2447 м2	1,97%
Г2	6745 м2	5,44%
Е2	8741 м2	7,05%
В4	3296 м2	2,66%
Д1	9978 м2	8,05%
Д2	9682 м2	7,81%
СООБРАЌАЈНИ И ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ	29561 м2	23,84%
РЕКА	13998 м2	11,29%
БЕСПРАВНИ ГРАДБИ	2010 м2	1,62%
ВКУПНО	124000 м2	100,00%



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

С

P=1:1000

0 10 20 50 100М

D:\MARIJA\Logo pecat Tajfa Plan.jpg

ИЗРАБОТУВАЧ: **ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ "ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-СКОПЈЕ**

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ДУП ЗА ДЕЛ ОД СРЦ " КАЛЕ" - БЛОК 2, ОПШТИНА ЦЕНТАР

СИНТЕЗЕН ПЛАН -ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ФАЗА: **ПРЕДЛОГ ПЛАН**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а. 0.0064**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **ЛИДИЈА АНДРЕЕВСКА д.и.а. 0.0022**

СОРАБОТНИЦИ:
МАРИЈА НАЛЕВСКА д.и.а.
ЈАНЕ СТОЈАНОСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а.**

ТЕХ.БРОЈ: **046/05/12**

РАЗМЕР: **1:1000**

ДАТА: **СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2012**

ЛИСТ БР: **5**



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ 12.4 ха
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ — ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ — ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
- ПодГЛ — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1; 1.2; 1.3;... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H=25.00м МАКСИМАЛНА ВИСИНА
- П+6+Пк КАТНОСТ
- 285.60 НИВЕЛМАНСКИ КОТИ
- **БЕСПРАВНА ГРАДБА**

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Ø150 ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø150 ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø1000 ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø250 ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø500 ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø300 ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ТОПЛОВОД
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЕН ТОПЛОВОД
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ПЛАНИРАНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА ВОДОВОДНИ ЦЕВКИ
- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА ФЕКАЛНИ ЦЕВКИ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР "КАЛЕ ", БЛОК 2 ОПШТИНА ЦЕНТАР , ГРАД СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПРЕДЛОГ ПЛАН 2012-2017

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

С

0 10 20 50 100М

P=1:1000

D:\MARIJA\Logo pecat Tajfa Plan.jpg

ИЗРАБОТУВАЧ:
ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ "ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-СКОПЈЕ

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ДУП ЗА ДЕЛ ОД СРЦ " КАЛЕ" - БЛОК 2, ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПЛАН НА ИНФРАСТРУКТУРА-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ФАЗА: **ПРЕДЛОГ ПЛАН**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а. 0.0064

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЛИДИЈА АНДРЕЕВСКА д.и.а. 0.0022

СОРАБОТНИЦИ:
МАРИЈА НАЛЕВСКА д.и.а.
ЈАНЕ СТОЈАНОСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а.**

ТЕХ.БРОЈ: **046/05/12**

РАЗМЕР: **1:1000**

ДАТА: **СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2012**

ЛИСТ БР: **4**

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРЕСЕК А: МАГИСТРАЛНА УЛИЦА : БУЛ."КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" (го премостува опфатот)



ПРЕСЕК Б: СОБИРНА УЛИЦА :"ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ"



ПРЕСЕК В: СТАНБЕНА УЛИЦА :"ЗАГРЕБАЧКА"



ПРЕСЕК Г: СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 1"



ПРЕСЕК Д: СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 2"; "НОВОПЛАНИРАНА 3"



ПРЕСЕК Д': СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 2";



ПРЕСЕК Ѓ: СТАНБЕНА УЛИЦА :" "НОВОПЛАНИРАНА 4";



ПРЕСЕК Е: ПЕШАЧКА УЛИЦА 1



ПРЕСЕК Ж: ПЕШАЧКА УЛИЦА 2

ПРОФИЛ НА РЕКА ВАРДАР



ПРЕСЕК 1-1;

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ 12.4 ха
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ — ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ — ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
- ПодГЛ — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1; 1.2; 1.3;... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Н=25.00м МАКСИМАЛНА ВИСИНА
- П+6+Пк КАТНОСТ
- 285.60 НИВЕЛМАНСКИ КОТИ
- **БЕСПРАВНА ГРАДБА**

НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (булевар кој го премостува опфатот)
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
- РЕКА
- БРЕГ НА РЕКАТА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР "КАЛЕ ", БЛОК 2 ОПШТИНА ЦЕНТАР , ГРАД СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПРЕДЛОГ ПЛАН 2012-2017



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



D:\MARIJA\Logo pecat Tajfa Plan.jpg

ИЗРАБОТУВАЧ: **ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ "ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-СКОПЈЕ**

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ДУП ЗА ДЕЛ ОД СРЦ " КАЛЕ" - БЛОК 2, ОПШТИНА ЦЕНТАР

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ФАЗА: **ПРЕДЛОГ ПЛАН**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а. 0.0064**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **ЛИДИЈА АНДРЕЕВСКА д.и.а. 0.0022**

СОРАБОТНИЦИ:
МАРИЈА НАЛЕВСКА д.и.а.
ЈАНЕ СТОЈАНОСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а.**

ТЕХ.БРОЈ: **046/05/12**

РАЗМЕР: **1:1000**

ДАТА: **СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2012**

ЛИСТ БР: **3**

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ 12.4 ха
- ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПГЛ — ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ — ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
- ПодГЛ — ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1; 1.2; 1.3;... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Н=25.00м МАКСИМАЛНА ВИСИНА
- П+6+Пк КАТНОСТ
- 285.60 НИВЕЛМАНСКИ КОТИ

НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА
- РЕКА
- БРЕГ НА РЕКАТА
- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (булевар кој го премостува опфатот)

ЗОНИ НА ЗАШТИТА

1. СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА - СКОПСКА ТВРДИНА "КАЛЕ"
2. СПОМЕНИК - МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ
3. КОНТАКТНА ЗОНА НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА - СКОПСКА ТВРДИНА "КАЛЕ"
4. ДУП "ДЕЛ ОД СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР КАЛЕ - БЛОК 2"



ПОЗИЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТ НА ДУП ВО ОДНОС НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА И НЕЈЗИНАТА КОНТАКТНА ЗОНА

- ГРАНИЦА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПФАТ НА ДУП "ДЕЛ ОД У.З. ЗЛОКУЌАНИ (НАСЕЛБА)"
- ГРАНИЦА НА НА КОНТАКТНАТА ЗОНА НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА
- ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА ЗАш ТИТА (ГАРАНТИРАНА ЗАш ТИТА) РЕЖИМ НА ЗАш ТИТА ОД ТРЕТ СТЕПЕН
- БЕСПРАВНА ГРАДБА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР "КАЛЕ ", БЛОК 2 ОПШТИНА ЦЕНТАР , ГРАД СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПРЕДЛОГ ПЛАН 2012-2017



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

C

P=1:1000

0 10 20 50 100M

D:\MARIJA\Logo pecat Tajfa Plan.jpg

ИЗРАБОТУВАЧ: **ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ "ТАЈФА-ПЛАН" ДОО-СКОПЈЕ**

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ДУП ЗА ДЕЛ ОД СРЦ " КАЛЕ" - БЛОК 2, ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПЛАН НА СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ

ФАЗА: **ПРЕДЛОГ ПЛАН**

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а.** 0.0064

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **ЛИДИЈА АНДРЕЕВСКА д.и.а.** 0.0022

СОРАБОТНИЦИ:
МАРИЈА НАЛЕВСКА д.и.а.
ЈАНЕ СТОЈАНОСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: **НАТАША ВЛЧЕВСКА-САВИЌ д.и.а.**

ТЕХ.БРОЈ: **046/05/12**

РАЗМЕР: **1:1000**

ДАТА: **СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2012**

ЛИСТ БР: **6**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

Предмет на договорот е изработка на **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје.** Документацијата е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 63/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 78/06).

2.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат

Локалитетот се наоѓа во на општината Центар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон.

Границата на зафатот е прикажана во графичките прилози и е дефинирана помеѓу:

-Северна страна -по зона на намена согласно ГУП на град Скопје

-Источна страна - осовина на улицата Лазар Личеновски

-Јужна страна - осовина на улицата Загребачка

-Западна страна-осовина на реката Вардар

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува**12.4 ха.**

Основните предности на локалитетот се што тој претставува значајна површина во подрачје наменето за спорт и рекреација во Општината Центар и воедно е од многу голем интерес за градот.

Пристапот до локалитетот е доста проточен, благодарение на улицата Лазар Личеновски локалитетот е поврзан како со Општина Центар, така и со останатите општини во градот Скопје.

3. Извод од Генерален Урбанистички План

Генералниот план на град СКОПЈЕ ги зацртува основните поставки за изработката на овој ДУП.

Со ГУП -от се дефинирани намените за овој простор во кој се предвидуваат:

"Д" - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3 - спорт и рекреација со компатибилни намени до максимален процент на учество од 40%

Д1 - парковско зеленило

Д2 - заштитно зелнило

"Б" - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б4 - деловни простори

Б5 - хотелски комплекси

"В" - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В4 - државни институции

"Г" - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 -лесна и незагадувачка индустрија

"Е" -ИНФРАСТРУКТУРА
Е2 - комунална супраструктура (трафостаници и паркинг простор)

4. Текстуални одредби од планови од повисоко ниво

Проектираниот развој на спортот и рекреацијата во планскиот период до 2020 треба да го артикулира оптималниот развој на самата функцијата со сите релевантни сегменти, рационалната просторна организација на објектите како една од позначајните градски функции за зголемување на интензитетот на користење на градското земјиште.
Во таа смисла основна намена на спортско-рекреативните центри е да служат за одвивање на организирана и натпреварувачка активност на младите, преку спортски натпревари од градско и државно значење.Овие центри се обично опремени и со спортски сали и друга комунална опрема.Податоците покажуваат дека само мал дел од овие спорстски центри се изградени, а останатите треба да се изградат во планскиот период.За спортските центри е земен норматив од
1,2 м2/ж што значи дека во планскиот период ќе биде потребна површина од 55ха што со планот е задоволена.Површините за спортски центри предвидени со претходниот план главно се задржувааат.
Спортско-рекреативните центри се наоѓаат лоцирани во околината на градот, но со оглед на тоа дека истите се во функција на градот, истите се третирани во планскиот период. Такви се спортско-рекреативните центри: Сарај, Езерото Матка, Хиподром, Камник, и езерото Треска.
Спортските центри се планирани 1.2 м2 по жител.
Површините за зеленило спорт и рекреација според ГУПот не треба да се пренаменуваат за други содржини, а во исто време сите површини планирани за јавна намена и други намени, се до реализација на планот да се штитат со подигање на зелени површини. Да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од озелените простори (парковски, блоковски, заштитни , линеарни и др. во една единствена интегрална целина).

5. Планска програма на донесувачот на планот, анализа на состојба И анализа на можности за просторен развој

Општината Центар во својата работа ја донесе и Програмата за изготвување на **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале"**

блок 2, Општина Центар, град Скопје. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон. Границите на Детаљниот урбанистички план се дефинирани:
-Северна страна -по зона на намена согласно ГУП на град Скопје
-Источна страна - осовина на улицата Лазар Личеновски
-Јужна страна - осовина на улицата Загребачка
-Западна страна-осовина на реката Вардар
Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува **12.4 ха.**
Направена е анализа и инвентаризација на предметниот простор при што се добиени податоци за постојната состојба, потребите и барањата на општината Центар, од што произлезе следното:

Деталниот урбанистички план со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат точен степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок стандард во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот.
На предметниот простор се евидентирани две бесправно изградени градби;
Во однос на структурата на **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје** и степенот на изграденост и коефициентот на искористување, потребно е да се дефинираат параметри и нумерички податоци кои се согласни со големината на објектите и градежните парцели - за секоја градежна парцела поединечно;

- Планираната примарна и секундарна сообраќајна мрежа и комунална инфраструктура е во согласност со ГУП за град Скопје 2002-2020, надополнета со секундарната улична мрежа и комунална инфраструктура дефинирана со планските решенија од предметната урбанистичка документација.

6. Опис и образложение на планскиот концепт



Намена на градежното земјиште во предметниот Детален урбанистички план е утврдена согласно намената од Генералниот урбанистички план на град Скопје, Програмата на Општина Центар со која се утврдени границите и содржините на планскиот опфат на планот. Со планските решенија се предвидуваат:

Во урбанистичките планови при одредување на намена на земјиштето во согласност со член 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12), како планска одредба со алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво. Алтернативните класи на намени таксативно се наведуваат за одделни градежни парцели при што збирот на површините на градежните парцели со алтернативни намени за основна класа на намена **Д3** не може да зафати повеќе од 40% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната.

Во предметниот ДУП под објекти од спорт и рекреација со основна класа на намена **Д3** согласно ГУП опфатена е површина од 49371,47м2, а согласно член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12) до 20% како компатибилна класа на намена на основната класа на намена Д3- спорт и рекреација опфаќа Б5-хотели и до 10% опфаќа Б4-деловни простори.

Во планскиот концепт на предметниот ДУП предвидена е намена **Б5-хотелски комплекси** која опфаќа површина од 8377,0м2 односно 17,44% од основната класа на намена Д3-спорт и рекреација што е во согласност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12).

Планирана е и намена **Б4-деловни објекти** со површина од 2447,0м2 односно 5,4% од основната класа на намена Д3-спорт и рекреација што е во согласност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12).

За планираните градежни парцели со намена Б5 и Б4 не се предвидува компатибилна намена, а за останатите градежни парцели со намена Д3-спорт и рекреација учеството на единечната класа на намени во однос на основната класа на намена се предвидува да не го надмине процентот 20%, со што не се зафаќаат повеќе од 40% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната што е во согласност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12)

Група на класи на намена : "Д" - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д3 - спорт и рекреација
Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зелнило

Група на класи на намена : "Б" - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б4 - деловни простори
Б5 - хотелски комплекси

Група на класи на намена : "В" - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В4 - државни институции

Група на класи на намена: "Г" - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 - лесна и незагадувачка индустрија

Група на класи на намена: "Е" - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 - комунална инфраструктура **-** сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура.
Е2 - комунална супраструктура (паркинг простор)

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот, согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 63/12).
Во планска документација, корисниците на просторот претставуваат важен елемент и база за планирање на сите функции. Податоците за планираните корисници се земени од постојниот Генерален урбанистички план на град Скопје 2002-2020 и важечките Деталени урбанистички планови, како и постојната состојба во планскиот опфат.
Површина на плански опфат изнесува 12,4 ха.
Испочитувани се во најголем можен број постојните катастарски парцели и интерполирани во планот како градежни парцели. Во табелата се дадени билансите на сите урбанистички показатели кои се релевантни за ДУП за секоја градежна парцела поединачно.
Во табелата се дадени бројот на градежната парцелата, класата на намената, површината на градежната парцелата, површината на просторот планиран за градба, габаритот на објектот односно површината на просторот за градба, вкупно можната површина за градба во бруто вредности, максимална висина до кота на венец, процент на изграденост и коефициентот на искористеност.
Вредностите на урбанистичките показатели се во рамките на законските нормативи кај новопланираните објекти.

Висина на градба се дефинира со максимална висина до горен венец на планираните површини за градба и тоа:

- Максимална височина на градба од 25.00м за објектите наменети за **Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И Б4 ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ - (П+6+Пк)**
- Максимална височина на градба од 12.00м за објектите наменети за Д3 **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**
- Максимална височина на градба од 12.00м за објектите наменети за **Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** (административните објекти на ЕВН)

6а. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Нумерички показатели на ниво на плански опфат :

- Површина на плански опфат 12,4 **ха**
- Вкупна површина на градежните парцели во рамки на планскиот опфат **59494 м²**
- Максимална површина за градба (под објекти) во рамките на планскиот опфат **31894 м²**
- Максимална вкупна развиена површина во рамките на планскиот опфат **59438 м²**
- Коефициент на искористеност **1,07**
- Коефициент на искористеност **56.2%**

Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места во сопствената парцела како основен услов за изградба до максималната површина за градба и максималната катност, согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Службен весник на РМ број 63/12). За посетителите на објектите со намена спорт и рекреација освен паркирањето во сопствени парцели може да се предвиди и паркирање во двете парцели со намена Е2, отворен паркинг простор кој е стациониран во самиот опфат.
Голем дел од површината во планскиот опфат зафаќаат сообраќајните содржини, кои треба да овозможат сообраќајно поврзување и сообраќаен пристап до секоја парцела во согласност со Правилникот.

7. Инфраструктура

7.1 Сообраќај

Со **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје** се дефинираат улиците и истите се со димензии според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 63/12) согласно член 65.
Локалитетот кој е предмет на изработка на ДУП ги содржи следниве улици:

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРЕСЕК А: **МАГИСТРАЛНА УЛИЦА : БУЛ."КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" (го премостува опфатот)**

Профилот на магистралната сообраќајница **- булевар св.Климент Охридски** е превземен од ГУП на град Скопје и има габарит од 17 м . (2 х 1.5м. тротоар, 2 х 7м коловоз). Сообраќајницата не е изведена, но по план поминува над планскиот опфат, каде во непосредна близина се планира тунелски да го пробие Калето со што прави сообраќајна врска и дистрибуција на сообраќај со другите населби во градот. Поради сложеноста на овој зафат и котите кои треба да се истражуваат за точната диспозиција на тунелот , од предметниот опфат со површина од 12.4 ха неможе да се направи такво истажување, така што со инфраструктурни проекти и понатамошна техничка документација ќе биде разработено и нивелманското решение на оваа сообраќајница. Од тие причини планот под трасата на булеварот не предвидува објекти со висина.



ПРЕСЕК Б: СОБИРНА УЛИЦА :"ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ"

Профилот на собирната сообраќајница **- улицата Лазар Личеновски** има габарит од 16 м . (2 х 3м. тротоар, 2х1.5м велосипедска патека и 2х 3.5м коловоз).



ПРЕСЕК В: СТАНБЕНА УЛИЦА :"ЗАГРЕБАЧКА"

Профилот на станбената сообраќајница **- улицата Загребачка** има габарит од 8.5м (2 х 1.5м. Тротоар, 2 х 2.75м коловоз).
Профилот на станбената сообраќајница **- улицата Новопланирана 1** има габарит од 9м . (2 х 1.5м. тротоар, и 2х 3м коловоз).



ПРЕСЕК Г: СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 1"

Профилот на станбените сообраќајници **- улицата Новопланирана** 2; 3; има габарит од 9 м (2 х 1,5 м. тротоар,и 2 х 3м коловоз).



ПРЕСЕК Д: СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 2"; *пир*



ПРЕСЕК Д´: СТАНБЕНА УЛИЦА :"НОВОПЛАНИРАНА 2"; "НОВОПЛАНИРАНА 3"

Профилот на станбените сообраќајници **- улицата Новопланирана** 4; има габарит од 17 м (2 х 1,5 м. тротоар,и 2 х 3м коловоз меѓу кои има 2м зеленило во средината).



ПРЕСЕК Ѓ: СТАНБЕНА УЛИЦА :" "НОВОПЛАНИРАНА 4";



ПРЕСЕК Е: ПЕШАЧКА УЛИЦА 1



ПРЕСЕК Ж: ПЕШАЧКА УЛИЦА 2

Профилот на пешачката улица 1 е со вкупна ширина од **5.5м,** профилот на пешачката улица 2 е со вкупна ширина од **4м.**



Со пресекот 1-1 е прикажана регулацијата на коритото на река Вардар.
Профилите се означени во сообраќајниот и во синтезниот графички прилог .
Задржана е максимално постојната улична мрежа со дефинирање на профили каде тоа е возможно.

Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места во сопствената парцела како основен услов за изградба до максималната површина за градба и максималната катност, согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Службен весник на РМ број 63/12). За посетителите на објектите со намена спорт и рекреација освен паркирањето во сопствени парцели може да се предвиди и паркирање во двете парцели со намена

Е2, отворен паркинг простор кој е стациониран во самиот опфат, а кој има развој и во подземните нивоа. . На отворениот паркинг простор со нумерација на парцелата 2.7 предвидени се 71 паркинг место на едно ниво, додека отворениот паркинг простор со нумерација на парцела 2.8 предвидени се 210 паркинг места на едно ниво. За објектите со класа на намена Б5 и Б4, се предвидува и паркирање во подземните нивоа , со почитување на подземната градежна линија.
- Максималните радиуси на хоризонталните кривини кај планираната собирна улица е P=10 метри а кај планираните станбени улици се во границата на дозволените ,
P= 6,0 метри .
Вкупната планирана секундарна мрежа на улици, со сите елементи на мрежа детално се прикажани во графичкиот прилог број 3 од планската документација "Сообраќаен и нивелациски план".
- Подолжниот наклон на планираните станбени улици е во рамките на дозволеното.

7.2 Нивелациско решение

Со изработка на Деталниот Урбанистички План, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците.
Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.
Се задржува постојната улична мрежа при што подолжните падови се движат во границите на дозволените.

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа) и усогласени со главните проекти за истата.

Обврзувачки е реализацијата на овој Детален урбанистички план да се решава преку Основни проекти за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци од Ј.П. "Водовод" - Скопје.

7.3 Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Со **детаљниот урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар,** , задржани се постојни трафостаници и тоа: ТС Спортски центар Кале; ТС Спортска Медицина и ТС Дизел. и предвидени се нови локации за трафостаници 10/0,4kV.

Електричната мрежа и потребата од едновремена електрична снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри, со напомена дека се предвидени максимални површини за градба, и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

За предвидените јавни функции, едновремената снага се определува според нивната нето површина и следните критериуми:

-хотели: вкупна нето површина (26630,88м2) * нормативот за угостителство и туризам (0,14 KW/m2) = 3728,32 KW/m2

-спортски-објекти: вкупна нето површина (20992,2м2) * нормативот за угостителство и туризам (0,14 KW/m2) = 2204 KW/m2

-административно-деловни објекти: вкупна нето површина (7991м2) * нормативот за угостителство и туризам (0,08 KW/m2) = 479,46 KW/m2

-административно-деловни објекти на ЕВН: вкупна нето површина (14350м2) * нормативот за угостителство и туризам (0,08 KW/m2) = 861 KW/m2

-административно-деловен објект на царина: вкупна нето површина (4269м2) * нормативот за угостителство и туризам (0,08 KW/m2) = 256 KW/m2

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{Str \times \eta} = \frac{1109,03}{630 \times 0,75} = 10 \text{ трафостаници}$$

Со планот се предвидуваат три постојни трафостаници во рамките на парцелите на планскиот опфат,и 7 новопланирани трафостаници.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проектна документација за електрична мрежа од страна на надлежните стручни служби на ЕВН Македонија.

-Улично осветлување

Во поглед на светлотехничките параметри, сообраќајниците се класифицираат во следните класи:

- Класа „А 2" (В1)-главни градски сообраќајници
- Класа „В 2" (С)-споредни, локални сообраќајници
- Класа „D"-паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри:

„А 2"

- Сјајност на коловозот — $Lm=2\text{-}3cd/m^2$
- Просечна рамномерност — $J_{Lm}=40\%$
- Висина на монтажа на светилките — H=10-12m
- Светлосен извор — NaVT-250W (VTFE-400)
- Начин на поставување — двореден

„В 2" (С)

- Сјајност на коловозот — $Lm=1\text{-}1,5cd/m^2$
- Средна погонска осветленост — Esr=15-25Lx
- Просечна рамномерност — $j_p=40\%$
- Висина на монтажа на светилките — H=8m
- Светлосен извор — NaVT-150W (VTFE-250W)

- Начин на поставување еднореден

„D"-паркинг простори

- Средна погонска осветленост Esr=10-20Lx
- Просечна рамномерност j_p=25%
- Висина на монтажа на светилките H=8m
- Светлосен извор NaVT-150W (VTFE-250W)
- Начин на поставување двореден

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се врши според бројот на жители, домаќинства, нивната функција и слични критериуми.
Од ова произлегува дека во локалитетот во зависност од предвидените потреби на жителите дополнително ке биде одреден бројот на телефонски приклучоци.
Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши до најблиската автоматска реонска телефонската централа со помош на бакарен кабел 35x4x0,4 мм. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации - Градски телефон Скопје.

7.4 Хидротехничка инфраструктура

- Водоснабдување

Во рамките на планскиот опфат со површина 12,4ха, водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градската водоводна мрежа со доизградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500л/ден/жител.

Потребна количина на вода:

$$q_{max/h} = \frac{Nk \times Q_0 \times a_1 \times a_2}{86400} = 99,75 \text{л/сек}$$

$Nk_{хот.г.}$= 900 -хотелски гости

$Nk_{посет.}$= 10000 -посетители во спортските објекти

$Nk_{админ..}$= 150 -вработени во административните објекти

$Nk_{вкупно..}$= 11050

Q_0=500л/ден/жител-водоснабдителна норма за домување

Q_0=400л/ден/крев-водоснабдителна норма за хотелски гости

a_1=1,5 -коефициент на дневна нерамномерност

a_2=1,3 -коефициент на часова нерамномерност

$q_{max/h}$=99,75л/сек

Противпожарна количина на вода

$q_{пож}$=2*20=40,00л/сек

Оваа потребна количина на вода до корисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која е предвидено да се состои од цевки со минимален профил Ø100мм.

Обврзувачки е реализацијата на овој Детален урбанистички план да се решава преку проектна документација за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци и мислења од ЈП „Водовод и канализација"-Скопје.

- Фекална канализација

Во однос на канализацијата, се планира изградба на сепаратен систем на канализација, односно изградба на посебна фекална и атмосферска канализациона мрежа.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, со надградба на постојната и проекција на нова канализациона мрежа.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Канализационата мрежа ќе се состои од армирано бетонски канализациони цевки со минимален профил Ø250мм и армирано бетонски ревизиони шахти.

$$q_{fek} = \frac{0{,}80 \times Nk \times Q_0 \times a_1 \times a_2 \times 1{,}25}{24 \times 60 \times 60} = 99{,}75 л/сек$$

Концепциското решение е условено со мислењето издадено од Ј.П. Водовод и канализација-Скопје.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација. Како главен колектор за приклучување на отпадните фекални води предвидено е отпадните води да се одведат во постојните колектори на улицата Лазар Личеновски.

- Атмосферска канализација

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/sec)$$

За минимален пречник е усвоен Ф300.

8. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија на дел од локалитетот кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.
Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.
Секако определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени "економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Основните проекти, а се изложени и од чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредени предпоставки и слично.
Ова посебно важи за ваков плански опфат како дел на градското земјиште кое го користат граѓаните и сите вложувања во постојната инфраструктура, која се задржува и се вклопува во потребите на дел од опфатот.
Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектите на теренот, планските одредби од ДУП изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план.
Планот предвидува зголемување на изградена површина во предметниот плански опфат. Со тоа се зголемува искористеноста на просторот, се добива поискористена нето густина по жител, повеќе комуналии за општината, а инфраструктурниот систем е со незначително зголемување во однос на предходната планска документација.

9. Културно наследство

Предметниот плански опфат на **детелениот урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, се наоѓа во контактната зона на споменикот на културата скопска тврдина "Кале".** Актите со кои Споменикот на културата - Скопска тврдина "Кале" е ставен под заштита на законот (Решението за утврдување значаен споменик на културата на Скопската трвдина "Кале", бр. 36 од 10.03.1950 година и Решението за утврдување значаен споменик на културата на Скопската тврдина "Кале", бр. 122/74 од 25.04.1969 година), не се доволно прецизни и не содржат неопходни елементи за негова соодветна заштита. Со донесувањето на Законот за заштита на културното наследство утврдена е обврска за конзерваторските центри да извршат реваloризација на спомениците на културата во подрачјето на надлежност. Реваloризацијата се врши според Правилникот за валоризација, категоризација и реваloризација на културното наследство и има за цел, пред сé, да ја утврди потребата и оправданоста од продолжување на заштитата.
Со Елаборатот за реваloризација се предлага следното:

Режим на заштита на доброто:
За Споменичката целина - Скопска тврдина "Кале" се предлага режим на заштита од прв степен, според категоризацијата.

Режим на заштита на Контактната зона:
За Контактната зона се предлага режим на заштита од трет степен.

Подрачјето на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи е дел од Контактната зона на Споменичката целина - Скопска тврдина "Кале".

Во едно Заштитено подрачје може да има повеќе зони на заштита:

Зона на строга односно посебна заштита - се однесува на дел од Заштитеното подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина или културен предел од категоријата - културно наследство од особено значење или резервирана археолошка зона.

Зона на ограничена односно гарантирана заштита - се однесува на дел од Заштитеното подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина или културен предел од категоријата - значајно културно наследство, добро под привремена заштита или контактна зона.

За Контактната зона се предлага зона на ограничена заштита (гарантирана заштита).

Подрачјето на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи се наоѓа во зоната на ограничена заштита (гарантирана заштита) односно во Контактната зона.

Во зоните на заштита се применуваат режими на заштита од различен степен:

Режимот на заштита се поврзува со зоните на заштита и содржи стандард на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземаат врз заштитените добра и во нивната блиска околина, изразен како:

- Режим на заштита од прв степен;
- Режим на заштита од втор степен;
- Режим на заштита од трет степен.

Во контактната зона се применува режим на заштита од трет степен, кој подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната височина на објектите, како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената архитектура.

Подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи се наоѓа во Контактната зона односно за него се утврдува режим на заштита од трет степен.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04).

Доследната примена на режимот на заштита на Контактната зона подразбира:

- за доградба и надградба на постојните објекти или изградба на нови објекти, да се задолжи инвеститорот, пред издавањето на документацијата за градба, да обезбеди средства за заштитни археолошки истражувања на односната катастарска парцела;
- за изградба или реконструкција на инфраструктурните објекти односно зафати, да се задолжи инвеститорот, пред издавањето на документацијата за градба,

да обезбеди средства за заштитни археолошки истражувања по должината на предвидената траса;
- во случај на откривање на остатоци на културно наследство, да се задолжи инвеститорот да постапи по насоките на надлежните служби за заштита на културното наследство;
- пред изведување на било какви интервенции во заштитеното подрачје да се прибави конзерваторско одобрение од надлежниот орган (Управата за заштита на културното наследство).

Посебни мерки на заштита на културното наследство

Подрачјето на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи се наоѓа во Контактната зона на Споменичката целина - Скопска тврдина "Кале". На овох простор досега не се вршени археолошки истражувања, но јужно од него и во непосредна близина, се наоѓаат остатоците на т.н. "Водена кула", која некогаш била поврзана со архитектонски структури со самата тврдина иако се наоѓаат на значителна висинска разлика. Во таа смисла, без археолошки истражувања не може со сигурност да се тврди дека и во опфатот нема остатоци на споменичко наследство.
Од тие причини, како посебна мерка на заштита за предметниот простор се пропишува задолжително изведување на заштитни археолошки истражувања пред преземањето на било какви градежни работи на објектите или инфраструктурата, документирање на наодите и нивно отстранување ако се работи за гробови.
Доколку со археолошките истражувања бидат откриени остатоци на недвижно културно наследство, за кои надлежните служби ќе оценат дека е вредно и не може да се заштити на ниту еден друг начин (не може да се дислоцира или соодветни презентира), се забранува било каква градба на тој простор.

10. Мерки за заштита

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Законска регулатива која ја уредува областа на заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2005)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/2004)
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 68/2004)
- Закон за спречување на бучава (Сл. весник на РМ бр. 79/2007)
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008 и 124/10 И 18/11)
- Закон за води (Сл. весник на РМ бр. 4/1998)
- Закон за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/1999)
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/2004, 14/2006 и 84/2007)
- Закон за туристичка дејност (Сл. весник на РМ бр. 62/2004)

- Закон за угостителска дејност (Сл. весник на РМ бр. 62/2004)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/2010), и други законски и подзаконски акти

Потребно е да се почитува позитивната законска регулатива од постоечкиот Закон за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011)

Согласно членовите 13, 14, 34 и 35 од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011), потребно е да се реализираат заедничките одредби од Глава VIII-Мерки за заштита и спасување, односно членовите 51, 53, 54 и 61 од Законот.

- Согласно член 51 од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011), органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенција.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1)Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План на заштита и спасување од проценетите опасности;

2)вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовно планирање и работа;

3)уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;

4)воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и

5)обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

- Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011), Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1)при планирањето и уредувањето на просторот и населбите

2)во проектите, за објекти и технолошки процеи наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија како и јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3)при изградба на објекти и инфраструктура

начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

- Согласно член 54 од од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011), во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

1)изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

2)регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи

3)изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините

4)обезбедување на противпожарни пречки

5)изградба на објекти за заштита и

6)изградба на потребна инфраструктура.

- Согласно член 61 од од Законот за заштита и спасување(Сл. весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011), мерки за заштита и спасување се:урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко технички мерки се:
- засолнување;
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:
-евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

УРБАНИСТИЧКО ТЕХНИЧКИ МЕРКИ :

1.1. Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Во овој плански опфат нема предвидено изградба на нови засолништа, при било каква опасност ќе се користат веке постоечките засолништа и ќе се превземаат сите други потребни мерки.

1.2. Заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетени делови на заштитни објкети, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висински коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населенеието во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

1.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активноски од нормативен , оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску до 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и другите запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Сите објекти се лоцирани така што се пристапни за противпожарните возила. Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на противпожарните возила до објектите. При конципирањето на сообраќајното решение, планирано е непречено движење на противпожарните возила. Сите сообраќајници се планирани со доволна широчина која овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците треба да бидат со висина не поголема од 7,0см и закосени, поради лесен пристап на противпожарните возила до објектите.

Со планирањето на хидрантската мрежа, задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил Ø80мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевки имаат пречник најмалку 80мм.

Хидрантите се поставени на меѓусебни растојанија од 80 до 150м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5бара.

На блиско растојание постои ПП дом.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

1.4. Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неесплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Доколку при реализација на планот се наиде на неексплодирани убојни и експлозивни средства треда да се извести Дирекцијата за заштита и спасување, полиција и ЦУК.

1.5. Заштита и спасување од урнатини

Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од уривање се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објекти.

Густината на објектите, односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Во планот во поголем дел се почитувани пропишаните растојаниа помеѓу објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови од објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

1.6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи опфаќа превземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постојки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Во предметниот опфат со намена Д3-спорт и рекреација , забранета е работа и користење на состојки кои предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

1.7.Спасување од сообраќајни несреќи

Спасување од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кој има голем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативни мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на поврдените и загинатите лица, укажување на прва медицинска помош

и транспорт до соодветните здравствени установи како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајнте несреќи.

ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ:

2.1. Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се врши доколку со други мерки не е можно дасе спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

2.2. Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население. **Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.**

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

2.4.Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укачување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи

2.5. Асанација на теренот

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

10.1 Мерки за заштита и санација на животната средина

Просторот што го зафаќа планот е со површина од 12.4ха и е планиран со намена Д3-спорт и рекреација.

Основни загадувачи на воздухот претставуваат моторниот сообраќај и загадувањето предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во

предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени смерници и мерки за заштита на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

Аерозагадување и мерки за заштита

Во сегашната состојба, како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето нема да претставува загрижувачка опасност во однос на загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини е предвидено зеленило.

Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита

Со оглед на тоа што сите објекти се приклучени на канализационен систем, загадувањето на почвата е во дозволените граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање во депонија. Со тоа ќе се спречи загадувањето и на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на изворишта на вода, сите отпадни води треба да се прочистат до одреден степен.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се пречисти речиси секој вид отпадна вода.

Со пречистувањето на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

Извори на бучава и мерки за заштита

При планирањето на објектите, потребно е да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените граници.

На локалитетот, сите содржини кои се планираат мораат да бидат во согласност со пропишаните мерки согласно Законот за спречување на бучава (Сл. весник на РМ бр. 79/2007).

11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

11.1. Билансни показатели

- Површина на плански опфат 12,4 **ха**
- Вкупна површина на градежните парцели во рамки на планскиот опфат **59494 м²**
- Максимална површина за градба (под објекти) во рамките на планскиот опфат **31894 м²**
- Максимална вкупна развиена површина во рамките на планскиот опфат **59438 м²**
- Коефициент на искористеност **1,07**
- Коефициент на искористеност **56.2%**

Табеларен приказ за постојна состојба за поединечните објекти:

НУМ.НА ОБЈЕКТ	КЛАСА НА НАМЕНИ	КАТНОСТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	КОНСТРУКЦИЈА	СОСТОЈБА
1,1	В4	П+2	1420 м2	4259 м2	С	Д
1,2	Б4	П+2	705 м2	2115 м2	С	Д
1,3	Б4	П	276 м2	276 м2	С	Д
1,4	Б4	П	180 м2	180 м2	С	Д
1,5	Б4	П	135 м2	135 м2	М	Ср.
1,6	Б4	П	89 м2	89 м2	М	Ср.
1,7	Д3	П+1	2856 м2	5712 м2	С	Д
1,8	Д3	П	1496 м2	1496 м2	С	Д
1,9	Д3	П+1	329 м2	658 м2	М	Ср.
1,10	Г2	П	940 м2	940 м2	М	л
1,11	Д3	П+2/П	3579 м2	8948 м2	С	Д
1,12	Д3	/	-	-	-	-
			12004 м2	24807 м2	-	-
Вид на конструкција:			С-СКЕЛЕТНА ; М-МОНТАЖНА			
Состојба:			Д-ДОБРА; Ср.-СРЕДНА; Л- ЛОША			
ЕВИДЕНТИРАНИ СЕ ДВЕ БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ						

Табеларен приказ за билансни показатели по намена, во постојна состојба:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА**	**ПРОЦЕНТ**
В4	3588 м2	2,89%
Б4	7978 м2	6,43%
Г2	1676 м2	1,35%
Д3	42228 м2	34,06%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	21954 м2	17,71%
СООБРАЌАЈНА ПОВРШИНА	32767 м2	26,43%
РЕКА	25254 м2	20,37%
БЕСПРАВНИ ГРАДБИ	2010 м2	1,62%
ВКУПНО	**124000 м2**	100,00%

Табеларен приказ за планирана состојба:

НУМ. НА БЛОК.	НУМ.НА ГРАД. ПАРЦЕЛА.	БРОЈ НА ОБЈ.	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ	КОМПАТИБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНИ НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН % НА УЧЕСТВО НА ЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА НА ПЛАНОТ	СПРАТНА ВИСИНА	МАХ. ВИСИНА ДО ЗАВРШЕН ВЕНЕЦ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	МАХ. ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	ПОТРЕБЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ%	КОЕФ.НА ИСКОРИСТЕНОСТ
БЛОК 2	2,1	1	В4	Б1-25%;Б2-25%;Б3-25%;Б4-25%В3-25%-	25%	П+3	15м	4505 м2	1931 м2	5794 м2	во градежна парцела	42,9%	1,29
	2,2	1	Г2	Б4-10%; Б1-30%; Б2 -30%; В5-5%;Д3-30%	49%	П+2	12м	5537 м2	3396 м2	10188 м2	во градежна парцела	61,3%	1,84
	2,3	1	Б4	-	-	П+6+Пк	25м	2447 м2	1105 м2	8836 м2	во градежна парцела	45,1%	3,61
	2,4	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,6%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-со архитектонско урбанистички проект	12м	8063 м2	4714 м2	-	во градежна парцела	58,5%	-
	2,5	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	2284 м2	1386 м2	11088 м2	во градежна парцела	60,7%	4,85
	2,6	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	2350 м2	1471 м2	11767 м2	во градежна парцела	62,6%	5,01
	2,7	1	Е2	-	-	-	-	2131 м2	-	-	71 П.М. на Ниво	-	-
	2,8	1	Е2	-	-	-	-	6300 м2	-	-	210 П.М. на Ниво	-	-
	2,9	1	Б5	-	-	П+6+Пк	25м	3743 м2	1471 м2	11765 м2	во градежна парцела	-	3,14
	2,10	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,6%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-	12м	7639 м2	6657 м2	-	во градежна парцела	87,1%	-
	2,11	1	Д3	Б1-10%; Б2-20%; Б3-10%; Б4-4,6%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%	20%	-со архитектонско урбанистички проект	16,5м/ 6м	14182 м2	9645 м2	-	во градежна парцела	68,0%	-
	2,12	1	Е2	-	-	П	3,5м	83 м2	17 м2	-	во градежна парцела	20,4%	-
	2,13	1	Е2	-	-	П	3,5м	79 м2	34 м2	-	во градежна парцела	43,1%	-
	2,14	1	Е2	-	-	П	3,5м	75 м2	34 м2	-	во градежна парцела	45,4%	-
	2,15	1	Е2	-	-	П	3,5м	75 м2	34 м2	-	во градежна парцела	45,0%	-
	ВКУПНО							59494 м2	31894 м2	59438 м2		53,6%	1,00
	ПОВРШИНА НА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ							2010 м2					

Табеларен приказ за планирана состојба:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА**	**ПРОЦЕНТ**
Д3	29166 м2	23,52%
Б5	8377 м2	6,76%
Б4	2447 м2	1,97%
Г2	6745 м2	5,44%
Е2	8741 м2	7,05%
В4	3296 м2	2,66%
Д1	9978 м2	8,05%
Д2	9682 м2	7,81%
СООБРАЌАЈНИ И ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ	29561 м2	23,84%
РЕКА	13998 м2	11,29%
БЕСПРАВНИ ГРАДБИ	2010 м2	1,62%
ВКУПНО	**124000 м2**	100,00%

Од билансните показатели од постојна состојба и планиран развој може да се направи споредбена анализа според која што, неизграденото земјиште со нејголем процент од 17.72% , се планира како објекти од спорт и рекреација - Д3, со вкупен процент од 23.52%. Освен спорт и рекреација во планот се предвидуваат и хотелски објекти со вкупен процент од 6.76%, како и деловни објекти со вкупен процент од 1.97%.
Со Планот се предвидуваат сообраќајници со дефинирани профили и категоризација со која се подигнува квалитетот на просторот.

11. 2. Попречни профили на сообраќајната инфраструктура

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ:

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА РЕКА ВАРДАР



ПРЕСЕК 1-1:

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

-Општи услови за изградба,развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите и конкретните решенија во **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје.** Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чиј граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1:1000.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 12.4 ха.
Планскиот период на овој Детален урбанистички план е 2012 - 2017 год.
Овие општи услови за изградба се составен дел на изработениот **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје.** Планскиот документ е работен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 63/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 78/06).
Изградбата на нови објекти, сообраќајна инфраструктура како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за градење, развој и користење на земјиштето за градби.
Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на комплекси и градби во градот Скопје.
Во планот **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје,** се застапена основните класи на намена :
Д3- спорт и рекреација со компатибилните класи на намена Б1-10%; Б2-30%; Б3-10%; Б4-4,6%; Б6-20%; В3-20%; Д1-20%
Д1- парковско зеленило
Д2- заштитно зеленило
Б4 - деловни простори
Б5 - хотелски комплекси
В4 - државни институции
Г2 - лесна и незагадувачка индустрија со компатибилните класи на намена:
Б4-10%; Б1-30%; Б2 -30%; В5-5%;Д3-30%
Е1 - комунална инфраструктура - сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура.
Е2 - комунална супраструктура (трафостаници и паркинг простор)

1.2 Составен дел на овие Услови за градба се Документационата основа и Планската документација за предметниот Детален урбанистички план со свој текстуален и графички дел во размер Р=1:1000.
Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документациона основа: Извод од ГУП; Извод од ДУП; Ажурирана геодетска подлога, Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти; Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд, Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура; и планска документација: Регулационен план и План на површини за градење, План на парцелација, Сообраќаен и нивелациски план, Инфраструктурен план , Синтезен план и План на споменични целини

1.3 Граница на плански опфат на Деталниот урбанистички план е граница на подрачје наменето за градење. Во границите на планскиот опфат, за временски период од 5 години, одредено е земјиште за парцели за изградба согласност со чл. 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12).

1.4 Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје,** а статусот го добива со самото усвојување на овој Детален урбанистички план. Градежното земјиште во примарна поделба се дели на парцелизирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и непарцелизирано за општа употреба во согласност со чл. 10 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М." бр. 63/12)

1.5 Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторните линии се регулациона линија и граница на градежната парцела кои се дефинирани во планот во согласност со чл.14 и чл.15 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 63/12)

1.6 Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и ќе се дефинира во согласност со член 19 и член 20 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Р.М." бр. 63/12)
Градежните парцели се со различна големина и дадени се во планот за парцелација како и во табеларните прикази.
Формираните градежни парцели главно се нови спрема потребната намена на просторот и ја следат постојната делумна парцелација по ДУП-от, со исклучок каде постојната парцелација е променета заради проширување за улица или слично.

1.7 Намената на земјиштето и намената на површините за градба се базираат на важечкиот **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар "Кале" блок 2, Општина Центар, град Скопје,** Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадена во чл. 30 став 2 према групите на класи на намени и во воведниот дел на овие Општи услови за градење.

1.8 Посебно се препорачува водење сметка за компатибилни класи на намена што е во согласност со чл. 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Р.М." бр. 63/12).

1.9 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со чл.35, чл.36, чл.37 и чл.38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Р.М." бр. 63/12.

1.10 Површина за градење е планска одредба со која во Деталниот урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

1.11 Диспозицијата на површината за градење од градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на градежната парцела што е дефинирано во член 42 во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Р.М." бр. 63/12) и постојната состојба.

1.12 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дефинирани во членовите: 43, 44, 45, 46, 46, 47, и 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12).

Дадена е максимална висина до венец и може етапно да се реализира и е изразена во метри.

За терени во пад доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

За терени во пад , максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата , карактеристичните пресеци и сл.

Максималната висина на градбата дефинирана со овој план е дадена планирана за секој објект. Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени со овој план, а пред се: обезбеден потребниот број на паркинг места, потребното растојание до границата на соседната парцела и др.
Висина на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4.5 метри над завршниот венец на кровната конструкција. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со само една спратна височина.

1.13 Процентот на изграденост на земјиштето (P) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно, колкав дел од градежното земјиште е зафатено со градба.

Коефициентот на искористеност на земјиштето (K) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Процент на изграденост на парцелите и коефициент на искористеност на земјиштето повеќето се зависни од постојната состојба и се дадени во табели за секоја парцела пооделно на ниво на целиот плански опфат. Истите се дефинирани во граници на дозволените вредности во членовите: 51, 52, 53 и 54 во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12).

1.14 Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај согласно член 57 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12) ќе се решава во градежните парцели, додека минималниот број на паркинг места ќе се определи при изработка на проектната документација согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.63/12) како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

1.15 Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на собирни, станбени сообраќајници како и пешачки улици. Планирањето на сообраќајната мрежа во Деталниот урбанистички план е работено во согласност со постојниот Генерален урбанистички план и актуелниот ДУП.

1.16 Сите елементи на уличната мрежа се работени во согласност со Точката 12 - Елементи на уличната мрежа од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.63/12) и тоа со членовите: 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76. Максимална дозволена брзина на движење на возила на станбените и пристапните улици е 40-50 км/час.

1.17 Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од понисоко ниво (идејни и изведбени) покажуваат поопправдани, поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија. Поради тоа при издавање на локација за одредени инфраструктурни објекти (водоводна мрежа, канализациона мрежа, електроенергетски далекуводи и дистрибутивни трафостаници, водови за пренос на податоци и телекомуникација и др.) треба да се земе во предвид постојната инфраструктурна мрежа, како и задачите кои произлегуваат од делот на ДУП кој не е реализиран, а кои што треба да се земат во предвид како задача при проектирање на нови инфраструктурни објекти.

1.18 Трошоците настанати во постапката за добивање на Одобрение за изградба на објектот како и трошоците настанати околу изместување на инфраструктурните објекти заради овозможување на градба, паѓаат на сметка на инвеститорот на објектот.

1.19 При изработка на Проектна документација да се постапи по точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12), и да се планираат услови за движење на инвалидизирани лица со

применување на мерки за спречување бариери во просторот, комплексите и објектите.

1.20 При примена и реализација на овој Детален урбанистички план за се што не е дефинирано со овие Посебни услови за градење ќе се применуваат стандарди и нормативи утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 63/12) и Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М. бр.78/06 год.)

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во графичкиот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за сите парцели пооделно за целиот плански опфат со: број на парцела, класа на намена, компатибилна класа на намена, површина на парцела, површина за градба, вкупна развиена површина по катови, максимална височина на објектот во метри и број на катови и потребен број на паркинг места.

За планскиот опфат на кој е предвидено изработување на **детален урбанистички план за дел од спортско-рекреативен центар вКалег блок 2, Општина Центар**, град Скопје важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

- Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

Посебните услови за изградба се однесуваат на планскиот опфат за кој се изработува Деталниот Урбанистички План со дефинираните граници на локалитетот дадени во графичките прилози.
Планскиот опфат е севкупен простор кој е предмет на изработка на овој ДУП и е со површина од 12.4 ха.

- Фасадите на новопланираните објекти се предвидуваат да бидат во современ израз, односно во стил на модерна, постмодерна архитектура стил на барок, готика, класицизам, неокласицизам, романтизам и неоромантизам.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04).
Доследната примена на режимот на заштита на Контактната зона подразбира:

- за доградба и надградба на постојните објекти или изградба на нови објекти, да се задолжи инвеститорот, пред издавањето на документацијата за градба, да обезбеди средства за заштитни археолошки истражувања на односната катастарска парцела;
- за изградба или реконструкција на инфраструктурните објекти односно зафати, да се задолжи инвеститорот, пред издавањето на документацијата за градба, да обезбеди средства за заштитни археолошки истражувања по должината на предвидената траса;
- во случај на откривање на остатоци на културно наследство, да се задолжи инвеститорот да постапи по насоките на надлежните служби за заштита на културното наследство;
- пред изведување на било какви интервенции во заштитеното подрачје да се прибави конзерваторско одобрение од надлежниот орган (Управата за заштита на културното наследство).

Доколку поради невнимание при изведување на градежните работи се направи некакво оштетување на подземната електроенергетска мрежа, должност е да се извести КЕЦ "Аеродром" - Скопје , а трошоците за истото ќе ги сноси инвеститорот.
При ископот на земја за објектите предвидени за градба да се внимава на појава на неидентификувани електроенергетски кабли и траки или сонди за зеземјување. Доколку дојде до нивна појава должен е инвеститорот веднаш да ги пријави во КЕЦ " Аеродром ".

Во објектите каде се предвидува, паркирање во подземни нивоа, потребно е соодветно почитување на подземната градежна линија, односно водење сметка за заштитниот коридор на постојните водоводни цевки да не бидат нарушени со конструктивни и други елементи на објектите. При изработката на проектната документација, на ваквите објекти и објектите во парцелите кои го тангираат заштитниот појас задолжително да се побара согласност од ЈП „Водовод и канализација"-Скопје.

Во планскиот опфат предвидени се градежни парцели со основни класи на намена на земјиштето :

Во урбанистичките планови при одредување на намена на земјиштето во согласност со член 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12), како планска одредба со алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво. Алтернативните класи на намени таксативно се наведуваат за одделни градежни парцели при што збирот на површините на градежните парцели со алтернативни намени за основна класа на намена **Д3** не може да зафати повеќе од 40% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната.
Во предметниот ДУП под објекти од спорт и рекреација со основна класа на намена **Д3** согласно ГУП опфатена е површина од 49371,47м2, а согласно член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12) до 20% како компатибилна класа на намена на основната класа на намена Д3- спорт и рекреација опфаќа Б5-хотели и до 10% опфаќа Б4-деловни простори.
Во планскиот концепт на предметниот ДУП предвидена е намена **Б5-хотелски комплекси** која опфаќа површина од 8377,0м2 односно 17,44% од основната класа на намена Д3-спорт и рекреација што е во согласност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12).
Планирана е и намена **Б4-деловни објекти** со површина од 2447,0м2 односно 5,4% од основната класа на намена Д3-спорт и рекреација што е во согласност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12).
За планираните градежни парцели со намена Б5 и Б4 не се предвидува компатибилна намена, а за останатите градежни парцели со намена Д3-спорт и рекреација учеството на единечната класа на намени во однос на основната класа на намена се предвидува да не го надмине процентот 20%, со што не се зафаќаат повеќе од 40% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на

зоната што е во согасност со член 34 Табела 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М."бр. 63/12)

Група на класи на намена : "Д" - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зелнило
Д3 - спорт и рекреација

Група на класи на намена : "Б" - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б4 - деловни простори
Б5 - хотелски комплекси

Група на класи на намена : "В" - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В4 - државни институции

Група на класи на намена: "Г" - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 - лесна и незагадувачка индустрија

Група на класи на намена: "Е" - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - комунална инфраструктура **-** сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура.
Е2 - комунална супраструктура (паркинг простор)

Максимални височина на градба: Максималната височина на градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот, или пристапно пешачката патека и завршниот венец на градбата.
Максималната височина на нултата плоча (висинска кота на приземна плоча) во однос на котата на тротоарот, или пристапно пешачката патека за сите градби во планскиот опфат е 15 см.вршниот венец на градбата.

За терени во пад , максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата , карактеристичните пресеци и сл.

Заради флексибилност на планот, одредени се и алтернативни класи на намени, компатибилни во однос на основната класа на намена, со одреден максимален процент на учество во однос на основната класа на намена, а во согласност со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/10) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 64/11). Компатибилните класи на намена и максималниот дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена се наведени во табеларните прикази, како и во посебните услови на Планот, за секоја градежна парцела поединечно.

5.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој ДУП е поставен врз основа на ГУП на Град Скопје, постојната состојба и урбанистичкиот концепт за намена на површините.
Од ГУП на Град Скопје се преземени трасите и сообраќајните профили на улиците:

- **Магистрална улица булевар „Илинден"** со вкупен профил од 50m, односно 14m коловоз (4×3,5m), 23m зелен појас (2x9m странично зеленило и 5m централно зеленило), 2×4m тротоари и 2x2,5m велосипедски патеки. Останатиот дел од булевар „Илинден" е планиран во согласност со одобрениот ЛУПД за булевар „Илинден", која состојба е веќе изведена.
- **Сервисна улица булевар „Илинден"** со вкупен профил од 20,5, односно 13m коловоз (4×3,25m), 3m велосипедска патека (2×1,5m) и 4,5m тротоари (2×2,25m), под која е планирано да поминува магистралниот дел на улицата булевар „Илинден' планирана со ГУП Скопје – подземно решение.

- **Пешачките движења** по булевар „Илинден" се одвиваат исклучиво по ниво на терен, односно во подземниот дел на магистралната улица булевар „Илинден" не се предвидува подземно движење на пешаци туку само заштитен тротоар од 0.5m покрај коловозот.

Со овој детален урбанистички план се дооформуваат сообраќајниците:

- **Станбена улица „Наум Наумовски Борче"** со вкупен профил од 15m, односно 7m коловоз (2×3,5m), појас и 2×4m тротоари.
- **Станбена улица „Новопроектирана 1"** со вкупен профил од 8,5m, односно 7m коловоз и 1.5m тротоар.
- **Станбена улица „Новопроектирана 2"** со вкупен профил од 9,5-10,5m, односно 6,5m коловоз (2×3,25m), и 3-4m тротоари.
- **Станбена улица „Новопроектирана 3"** со вкупен профил од 10 m, односно 6m коловоз (2×3m), и 2,5m и 2,5m тротоари.
- **Станбена улица „Новопроектирана 4"** со вкупен профил од 11,5m, односно 7m коловоз (2×3,5m), и 2x2,25m тротоари.
- **Станбена улица „Новопроектирана 5"** со вкупен профил од 8,5m, односно 5,5m коловоз (2×2,75m), и 2x1,5m тротоари.
- **Станбена улица „Новопроектирана 6"** со вкупен профил од 10,5m, односно 9m коловоз (2×4,5m), и 1,5m тротоар.



МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
БУЛЕВАР ИЛИНДЕН А



БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - КРАК
СЕРВИСНА УЛИЦА

БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - КРАК
МАГИСТРАЛЕН ДЕЛ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 1



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 2



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 3



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 4



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 5



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 6

Вкупната површина на опфатот изнесува 33,36ha, од која 6,16ha се сообраќајни површини или 18,48%.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

За сите градежни парцели, со основни класи на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б5, Е2 – Хотелски комплекси, Комунална супраструктура, Б6 – Места за собири, Д1 – Парковско зеленило и Д3 – Спорт и рекреација, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/10) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 64/11) како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место и на 60m^2 од вкупно изградената површина.

Б5, Е2 – Хотелски комплекси, Комунална супраструктура

- 1 паркинг место на 6 легла.

Б6 – Места за собири

- 1 паркинг место на 20 гледачи.

Д3 – Спорт и рекреација

- 1 паркинг место на 20 посетители.

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, број 142/10) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 64/11).

Димензионирањето на групните паркиралишта се врши на тој начин што на вкупниот број на паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидност. На паркиралиштата со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидност. Паркинг местото за лица со инвалидност е со минимални димензии 3,50/5,50 и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачка површина.

5.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на деталниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

5.5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

Вкупната површина на опфатот изнесува 33,36ha.

За предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- за деловно – административни функции 0,08kW/m²

Вкупната максимална бруто развиена површина на градежните парцели со површини за градба со намени Б1, Б4, Б6, Д3 изнесува 99282m².

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: P_{en} =7347,68kW

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 1000kVA и лоцирани во тежиштето на конзумот.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{7347,68}{1000 \times 0,75} = 9 \text{ трафостаници}$$

Во опфатот се предвидени 9 локации за трафостаници 10/0,4kV, како резерва на реалната ситуација при изградба на просторот.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2”, споредни, локални
- класа „В”, паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„B-2" (C)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување едноредeн

„B" - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W

начин на поставување двореден (едноредeн).

ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Скопје.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ВИП и Оне. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

5.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат јавни и комерцијални објекти и предвидени се максимални површини за градба што претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$Qmax/час = Nк \times Qк \times a_1 \times a_2 / 24x3600 + Nвр \times Qвр \times a_3 / 6x3600 + Nпос \times Qпос \times a_3 / 6x3600=$

каде што е

Nк – број на постојани жители	Nк = 1300
Nвр – број на вработени	Nвр = 2200
Nпос – број на посетители	Nпос = 50000
Q - водоснабдителна норма	Qк = 500 l/ден/жител
	Qвр = 30 l/ден/вработен
	Qпос = 20 l/ден/посетител

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност	a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност.	a_2 = 1,3
a_3= коефициент на часова нерамномерност за вработени.	a_3 = 2,0
a_4= коефициент на часова нерамномерност за посетители.	a_4 = 2,5

Qмах/час = 1300 x 500 x 1.5 x 1.3 / 86400 + 2200 x 30 x 2 / 28800 + 50000 x 20 x 2,5 / 21600
= 14,67 л/сек. + 4,58 л/сек. + 115,74 л/сек. = 134,99 л/сек.

qпож. = 15,00 л/сек.

Вкупно Qмах/час = 134,99 + 15,00 = 149,99 л/сек.

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната дистрибутивна водоводна мрежа.

Како главени приклучоци ќе се користат постојните и планираните цевководи на улицата Наум Наумовски Борче и бул. Илинден.

Дел од постоечката хидратантска мрежа која поминува во ГП 5.3 прикажана на графичките прилози, ќе се користи за полевање на парковското зеленило и во иднина таа треба да биде снабдувана од локални извори, односно да се користи подземна технолошка вода.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

$$Q = 0,80 \times 149,99 \times 1,2 = 143,99 \text{ l/sec}$$

Канализационата мрежа ќе се состои од PVC канализациски цевки со Ø300mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Оваа новопланирана канализациска мрежа ќе се поврзе со постојниот вод на фекална канализација.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Скопје кој ќе се земе дека е i=110l/sec/ha според ГУП на град Скопје од 2001 година.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$F = 33,36ha$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (4{,}86 \times 0{,}80 + 19{,}89 \times 0{,}15 + 8{,}61 \times 0{,}85) / 33{,}36 = 0{,}43$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација φ = 1

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Q = 33{,}36 \times 110 \times 0{,}43 \times 1 = 1577{,}92 \text{ l/sec}$$

Усвоено е цевките за атмосферска канализација да бидат Ø300mm и Ø400mm со минимален пад од 0,25%.

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на Деталниот урбанистички план Централно зеленило покрај реката Вардар - Јужен дел, Општина Центар, кој е предмет на работа, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени „економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Идејните и Основните проекти, а се изложени и на чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливоста на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостатокот на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.

Поради сето изнесено економското образложение го сфаќаме како најгруба апроксимација, која не би можело да има карактер на било која планска одредба.

Ова посебно важи за ваков плански опфат како дел на градското земјиште во сопственост на корисниците и сите вложувања во постојна инфраструктура, која се задржува и се вклопува во потребите на дел од опфатот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од важечката планска документација и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува 83084m² бруто развиена површина со различна класа на намени. Спроведувањето на одредбите од овој План ќе претставува своевиден импулс во развојот на Општина Центар; градбата значи повеќе комуналии за општината и можност за целосен развој на инфраструктурниот систем, согласно планските одредби од овој план, но и согласно ГУП на Град Скопје.

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

7.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) за планската документација Детален урбанистички план за Централно зеленило покрај реката Вардар - Јужен дел, Скопје, со плански период 2011-2016, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко - технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

7.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

7.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од поплави мора да се предвиди бидејќи во близина се наоѓа Река Вардар која во пролетните периоди има големо количество на вода. Исто така мора да се предвиди и рушење на браната Матка при што би имало сериозни последици по општината Центар, така да поплавениот бран достигнува и до ул. Железничка.

7.4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на Детален урбанистички план за Централно зеленило покрај реката Вардар - Јужен дел, Центар, со плански период 2011-2016, предвидени се вкупно 25 градежни парцели, од кои 2 се со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, 1 е со намена Б5, Е2 – Хотелски комплекси, Комунална супраструктура, 2 се со намена Б6 – Простори за собири, 11 се со намена Д3 – Спорт и рекреација, 3 се со намена Д1 – Парковско зеленило, 5 се со намена Е2 – Комунална супраструктура и 1 е со намена Е1 – Комунална инфраструктура – паркинг за репортажни коли. Сообраќајните површини зафаќаат 61656m², т.е. 18,48%.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Скопје, би изнесувал од 10 до 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

7.5. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и

безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

7.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 16,20m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница околу 7 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диосид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

7.8. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација Детален урбанистички план за Централно зеленило покрај реката Вардар - Јужен дел, Општина Центар, со плански период 2011-2016, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 33,36ha од која 6,16ha е под сообраќајни површини или 18,48%. Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, бр. 142/10) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 64/11). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Скопје би изнесувал од 10 до 15мин.

7.9. ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

7.10. ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО И НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

7.11. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

7.12. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

7.13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

7.14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

7.15. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

i. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
ii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
iii. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Детален урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

7.16. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во границите на опфатот на заштитно конзерваторските основи нема заштитени недвижни добра согласно појаснувањето во точка 6.2 од заштитно конзерваторските основи бр. 07-117/1 од 16.02.2011 година. Во планските документи интегрално да се користат податоците содржани во текстуалниот приказ од заштитно конзерваторските основи бр. 07-117/1 од 16.02.2011 година.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е **33,36ha**.
- Планирани се 25 градежни парцели.
- Вкупна бруто развиена површина е **134034m²**.
- Процентот на изграденост е **26,48%**.
- Коефициентот на искористеност е **0,55**.

Планирани површини по класи на намена на ниво на цел опфат

ДУП | ЦЕНТРАЛНО ЗЕЛЕНИЛО ПОКРАЈ РЕКА ВАРДАР - ЈУЖЕН ДЕЛ, ОПШТИНА ЦЕНТАР				
	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		2900 m²	0.87%
	Б5, Е2 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА		7039 m²	2.11%
	Б6 - МЕСТА ЗА СОБИРИ		48320 m²	14.48%
	Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО		116663 m²	34.97%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		29422 m²	8.82%
	Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		58297 m²	17.47%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	ПАРКИНГ	485 m²	0.15%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	61656 m²	18.48%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	КАТНА ГАРАЖА	8653 m²	2.59%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТРАФОСТАНИЦИ	186 m²	0.06%
ВКУПНО			333621 m²	100.00%

Нумерички показатели за градежните парцели
Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто разавиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
	1.1	Д	Д3	-	според АУП		2295 m²	344 m²	според АУП	15.00%	0.15
	1.2	Е	Е2	трафостаница 10/0.4 kW			77 m²	15 m²	15 m²	19.48%	0.19
	1.3	Б	Б5, Е2	-	постојна		7039 m²	5414 m²	42234 m²		
	1.4	Д	Д3	-	според АУП		1340 m²	201 m²	според АУП	15.00%	0.15
	1.5	Д	Д3	-	според АУП		1573 m²	236 m²	според АУП	15.00%	0.15
	2.1	Д	Д3	-	според АУП		15510 m²	2327 m²	според АУП	15.00%	0.15
	2.2	Б	Б6	-	10.50 m	П+2	1742 m²	1402 m²	4206 m²	80.48%	2.41
	2.3	Д	Д3	-	според АУП		9918 m²	1488 m²	според АУП	15.00%	0.15
	2.4	Д	Д3	-	според АУП		2071 m²	311 m²	според АУП	15.00%	0.15
	2.5	Д	Д3	-	според АУП		1406 m²	211 m²	според АУП	15.00%	0.15
	2.6	Е	Е2	трафостаница 10/0.4 kW			81 m²	15 m²	15 m²	18.52%	0.19
	2.7	Е	Е2	Б1, Б2, Б3 , Б4 (15%)	29.00 m	-	2373 m²	1753 m²	7012 m²	73.87%	2.95
	2.8	Д	Д3	-	според АУП		868 m²	130 m²	според АУП	15.00%	0.15
	3.1	Б	Б6	-	35.00 m	-	46578 m²	42254 m²	42254 m²	90.72%	0.91
	3.2	Д	Д3	-	според АУП		14182 m²	2127 m²	според АУП	15.00%	0.15
	3.3	Е	Е1	паркинг за репортажни коли			485 m²				
	4.1	Б	Б1	-	13.20 m	П+2+Пк	1854 m²	597 m²	2388 m²	32.20%	1.29
	4.2	Д	Д1	-	-	-	16379 m²	0 m²	0 m²	0.00%	0.00
	4.3	Д	Д1	-	-	-	800 m²	0 m²	0 m²	0.00%	0.00
	4.4	Е	Е2	трафостаница 10/0.4 kW			28 m²	15 m²	15 m²	53.57%	0.54
	5.1	Д	Д3	-	според АУП		9134 m²	1370 m²	според АУП	15.00%	0.15
	5.2	Б	Б1	-	5.00 m	П	1046 m²	470 m²	470 m²	44.93%	0.45
	5.3	Д	Д1	-	-	-	96671 m²	0 m²	0 m²	0.00%	0.00
	6.1	Е	Е2	Б1, Б2, Б3 , Б4 (15%)	7.00 m	-	6280 m²	3535 m²	9191 m²	56.29%	1.46
	6.2	Д	Д1	-	-	-	2813 m²	0 m²	0 m²	0.00%	0.00
ВКУПНО							**242543 m²**	**64215 m²**			

2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2011 година

ДУП | ЦЕНТРАЛНО ЗЕЛЕНИЛО ПОКРАЈ РЕКАТА ВАРДАР - ЈУЖЕН ДЕЛ				
	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		334 m²	0.10%
	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ		1861 m²	0.56%
	Б5 - ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ		7418 m²	2.22%
	Б6, Д3 - МЕСТА ЗА СОБИРИ, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		39702 m²	11.90%
	В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ		12708 m²	3.81%
	Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО		110783 m²	33.21%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		30199 m²	9.05%
	Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		44450 m²	13.32%
	Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		13724 m²	4.11%
	БЕСПРАВНА ГРАДБА		7449 m²	2.23%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	64993 m²	19.48%
ВКУПНО			333621 m²	100.00%

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА 2011 – 2016 година

ДУП | ЦЕНТРАЛНО ЗЕЛЕНИЛО ПОКРАЈ РЕКА ВАРДАР - ЈУЖЕН ДЕЛ, ОПШТИНА ЦЕНТАР				
	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		2900 m²	0.87%
	Б5, Е2 – ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ, КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА		7039 m²	2.11%
	Б6 - МЕСТА ЗА СОБИРИ		48320 m²	14.48%
	Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО		116663 m²	34.97%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		29422 m²	8.82%
	Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		58297 m²	17.47%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	ПАРКИНГ	485 m²	0.15%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	61656 m²	18.48%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	КАТНА ГАРАЖА	8653 m²	2.59%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТРАФОСТАНИЦИ	186 m²	0.06%
ВКУПНО			333621 m²	100.00%

3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА



МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
БУЛЕВАР ИЛИНДЕН А



БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - КРАК
СЕРВИСНА УЛИЦА

БУЛЕВАР ИЛИНДЕН - КРАК
МАГИСТРАЛЕН ДЕЛ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 1



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 2



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 3



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 4



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 5



СТАНБЕНА УЛИЦА
УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 6

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.2 Во Деталниот урбанистички план предвидени се следните класи на намени:

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени
Б5, Е2 – Хотелски комплекси, Комунална супраструктура
Б6 – Места за собири

Д – ЗЕЛЕНЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
Е2 - Комунална супраструктура

Заради флексибилноста на планот предвидени се зони со компатибилни класи на намени што се дадени во планот.
Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

1.3 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/10) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 64/11), постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 35 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.4 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

1.5 Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски испакнувања.

1.6 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.
Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.7 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

